**Законот е објавен во “Службен весник на РМ”,**
**бр.79 од 24 јуни 2009 година**

# ЗАКОН ЗА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА

## I. ГЛАВА

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредуваат системот и организацијата на социјалната заштита, правата од социјалната заштита, финансирањето и постапката на остварување на правата од социјалната заштита.

Член 2

Социјалната заштита е систем на мерки, активности и политики за спречување и надминување на основните социјални ризици на кои е изложен граѓанинот во текот на животот, за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост и за јакнење на неговиот капацитет за сопствена заштита.

Под социјален ризик во смисла на овој закон се подразбира:

- ризици по здравјето (болест, повреда и инвалидност);
- ризици на старост и стареење;
- ризици на еднородителско семејство;
- ризици од невработеност, губење на приход за издржување по основа на работа и слично;
- ризици од сиромаштија и
- ризици од друг вид на социјална исклученост.

Член 3

Републиката се грижи за социјалната заштита на граѓаните согласно со начелото на социјална праведност.

Републиката го воспоставува системот на социјалната заштита и го овозможува неговото функционирање, обезбедува услови и мерки за вршење на социјално-заштитната дејност и развива форми на самопомош.

Носители на социјалната заштита се Републиката, општината, Градот Скопје и општините во градот Скопје, во рамките на нивните надлежности, а во согласност со овој закон.

Член 4

Владата на Република Македонија (во натамошниот текст: Владата) донесува Национална програма за развој на социјалната заштита во која се утврдуваат целите, приоритетите и правците на развојот на социјалната заштита на граѓаните на Република Македонија, со мерки на активна социјална политика,

на среден и долг рок.

Владата донесува годишна Програма за остварување на социјалната заштита, со која ги утврдува подрачјата на социјалната заштита, потребите на населението, социјалната превенција и начинот и средствата за остварување на социјалната заштита.

Член 5

Дејноста на социјалната заштита е од јавен интерес.

Член 6

Врз основа на правата од социјалната заштита, а под услови утврдени со овој закон, се преземаат мерки преку кои се остварува: социјална превенција, вонинституционална и институционална заштита и парична помош од социјална заштита.

Член 7

Системот и организацијата на социјалната заштита го сочинуваат установите, институциите, мерките, активностите и формите коишто се остваруват во рамките на реализирањето на правата на граѓаните од доменот на социјалната заштита.

Системот се остварува преку стручната работа во установите за социјална заштита, спроведувањето на развојни програми, стручно усовршување на работниците во зависност од потребите на корисниците и меѓународните стандарди, следењето на појавите и планирањето на работата, водењето на евиденцијата, како и преку спроведување на надзор и истражувачка работа во оваа област.

Член 8

Владата ја утврдува мрежата на јавните установи за социјална заштита.

При утврдување на мрежата на установи од став 1 на овој член, органот на државната управа надлежен за работите од областа на социјалната заштита ( во понатамошниот текст: Министерството) доставува до Владата преглед на приватни установи за социјална заштита.

Член 9

Покрај мерките за социјалната заштита на граѓаните што се утврдени со овој закон, грижата на Републиката за спречување на настанување на социјален ризик се остварува и преку преземање на мерки во даночната политика, вработувањето, политиката за стипендирањето, домувањето, заштита на семејството, здравството, воспитанието и образованието и во други подрачја во согласност со закон.

Член 10

Грижата на Републиката за спречување и намалување на социјален ризик за граѓаните може да се остварува и преку:

- мерки за субвенционирање на потрошовачката на енергија и други комунални услуги;

- условени парични давања и
- и други мерки за спроведување на програмите од член 4 на овој закон.

Владата може да донесува програми за спроведување на мерките од став 1 на овој член, со кои подетално ќе ги утврди корисниците, мерките, носителите и изворите на средствата.

Член 11

Општината, Градот Скопје и општините во градот Скопје обезбедуваат спроведување на социјалната заштита во согласност со овој закон, донесуваат програми за потребите на граѓаните од областа на социјалната заштита, согласно со Националната програма од член 4 став 1 на овој закон, ги обезбедуваат обврските утврдени со овој закон и донесуваат општи акти од областа на социјалната заштита.

Програмите од став 1 на овој член се доставуваат до Министерството на мислење.

Општината, Градот Скопје и општините во градот Скопје обезбедуваат остварување на социјалната заштита на лицата со инвалидност, децата без родители и децата без родителска грижа, децата со пречки во менталниот и телесниот развој, децата на улица, децата со воспитно-социјални проблеми, децата од еднородителски семејства, лицата изложени на социјален ризик, лицата кои злоупотребуваат дроги, други психотропни супстанции, прекурзори и алкохол, лицата жртви на семејно насилство, лицата жртви на трговија со луѓе, старите лица без семејна грижа, преку вонинституционални и институционални облици на социјална заштита, домување и подигање на свеста на населението за потребите од обезбедување на социјалната заштита, согласно со одредбите од овој закон.

Член 12

Општината, Градот Скопје и општините во градот Скопје можат со своја одлука, во согласност со материјалните можности, да утврдуваат и други права во областа на социјалната заштита, права во поголем обем од обемот на правата утврдени со овој закон и поповолни услови за нивно остварување, како и други облици на социјална заштита.

Член 13

Секој е должен да се грижи за задоволување на своите животни потреби и потребите на лицата кои според закон е должен да ги издржува.

Секој е должен со своите приходи да придонесува за спречување, ублажување или отстранување на социјалните ризици на кои е изложен тој и членовите на неговото семејство кои е должен да ги издржува, како и активно да делува во спречувањето и надминувањето на состојбата на изложеност на социјален ризик.

Како семејство во смисла на овој закон, се смета самец или заедница на маж и жена, на родители и деца и другите роднини кои живеат со нив и се должни согласно со Законот за семејството да се издржуваат.

Член 14

Установите за згрижување на деца - детските градинки, училиштата,

здравствените установи, полицијата, правосудните и другите државни тела и органи, правни и физички лица и здруженија на граѓани, соработуваат со установите за социјалната заштита во остварување на дејноста утврдена со овој закон.

Член 15

Корисници на социјална заштита, според овој закон се државјани на Република Македонија кои имаат постојано живеалиште во Република Македонија и странците кои имаат регулиран постојан престој во Република Македонија, согласно со закон.

Државјаните на Република Македонија кои немаат постојано живеалиште во Република Македонија и странците кои имаат регулиран привремен престој во Република Македонија согласно со закон, ги користат правата од социјалната заштита, под услови утврдени со овој или друг закон и меѓународни договори и конвенции.

Член 16

Право на социјална заштита има лице барател на право на азил, лице со статус на признаен бегалец и лице под супсидијарна заштита, под услови и на начин утврдени со закон.

Член 17

Инвалидно лице во смисла на овој закон се смета лице со ментална или телесна попреченост.

Член 18

Здружение на граѓани и физичко лице можат да вршат работи од областа на социјалната заштита, под услови, на начин и постапка утврдени со овој закон.

Член 19

Верските заедници, религиозните групи и нивните здруженија кои се регистрирани во Република Македонија, можат да им помагаат на лицата кои имаат потреба од одделни видови на социјална заштита, во согласност со овој закон.

Член 20

Се забранува директна или индиректна дискриминација по основа на пол, раса, боја на кожата, национална, етничка, социјална, политичка, верска, културна, јазична, имотна и општествена припадност, онеспособеност и потекло во остарување на правата од социјалната заштита утврдени со овој закон.

Забраната од став 1 на овој член се однесува на јавни установи за социјална заштита основани од Владата на Република Македонија, од општина, Град Скопје и општините во градот Скопје, на приватни установи за социјална заштита основани од правно или физичко лице и на здружение на граѓани и физичко лице, кои вршат работи од областа на социјалната заштита утврдени со овој закон.

Член 21

Директна дискриминација, во смисла на член 20 на овој закон, е секое

постапување со кое барател или корисник на социјална заштита бил ставен во неповолна положба од другите корисници во споредбени случаи.

Индиректна дискриминација, во смисла на овој закон, постои кога определена навидум неутрална одредба, критериум или пракса го става барателот или корисникот на социјална заштита поради пол, раса, боја на кожата, национална, етничка, социјална, политичка, верска, културна, јазична, имотна и општествена припадност, онеспособеност и потекло во неповолна положба во однос на другите корисници на права од социјалната заштита утврдени со овој закон, освен доколку се утврдени критериуми или практики кои се објективно оправдани со легитимна цел и средствата за постигнување на таа цел се соодветни и неопходни.

Член 22

Во случаите на дискриминација од член 20 и 21 на овој закон барателот или корисникот на социјална заштита има право да бара заштита од надлежен орган.

Доколку во судска постапка се утврди дека со барателот или корисникот на социјална заштита е постапувано спротивно на одредбите на член 20 и 21 на овој закон, барателот или корисникот на социјална заштита има право да бара надомест на штета, од сторителот на дискриминацијата.

Член 23

Ако барателот или корисникот на социјална заштита, во случај на спор изнесе факти дека е постапено спротивно на член 20 и 21 на овој закон, во тој случај обврската на докажувањето и произнесување по тие факти и наоди е на јавната установа за социјална заштита основана од Владата на Република Македонија, од општина, Градот Скопје и општините во градот Скопје, на приватната установа за социјална заштита основана од правно или физичко лице и на здружението на граѓани и физичкото лице кои вршат одредени работи од областа на социјалната заштита.

## II. Глава

## УСЛУГИ И МЕРКИ ОД СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА

### 1. Социјална превенција

Член 24

Со мерки и активности на социјална превенција се спречува настанување на социјални ризици, се врши рано откривање и ран третман на граѓанинот изложен на социјален ризик, со цел за надминување или ублажување на штетните последици од изложеноста на социјален ризик.

Реализацијата на мерките и активностите од став 1 на овој член, Владата ги утврдува во програмата од член 4 на овој закон, а општината, Градот Скопје и општините во градот Скопје, во рамките на нивните надлежности донесуваат соодветни програми и обезбедуваат средства.

Член 25

За остварување на социјалната превенција, се преземаат мерки за спречување на настанување на социјален ризик за граѓанинот, семејството или група на луѓе, особено преку едукативно-советувалишна работа, развивање на формите на самопомош, волонтерска работа со лично ангажирање и примена на други методи кои соодветствуваат на потребите на корисниците на социјалната заштита.

Реализацијата на мерките и активностите од ставот 1 на овој член, се остварува во центрите за социјална работа во соработка со општината, Градот Скопје и општините во градот Скопје, предучилишните, училишните, здравствените установи и другите државни тела и органи, правни и физички лица и здруженија на граѓани.

## 2. Вонинституционална заштита

Член 26

Вонинституционалната заштита што се остварува во или преку центарот за социјална работа опфаќа право на:

- прва социјална услуга на корисници на социјална заштита;
- помош на поединец;
- помош на семејство;
- домашна нега и помош на поединец и на семејството;
- дневно и привремено прифаќање и згрижување како помош на поединец и семејство;
- сместување во згрижувачко семејство;
- сместување во мал групен дом и
- самостојно живеење со поддршка.

Член 27

Правото на прва социјална услуга на корисниците на социјална заштита, опфаќа воочување на проблемот кој произлегува од состојба на социјален ризик, укажување на корисникот на можните решенија, услуги и средства за негова заштита, како и за мрежата на установи надлежни за давање на услуги.

Член 28

Правото на помош на поединецот, подразбира примена на форми на стручна, советодавна или советувалишна работа, со која му се овозможува стекнување на потребни информации, оспособување за самостојно одлучување, зачувување и развој на социјалните потенцијали.

Член 29

Правото на помош на семејството, опфаќа стручна помош на членовите на семејството да ја надминат семејната криза во брачните односи, а особено во односите родители - деца, како и оспособување на тоа семејство да ги остварува своите функции во секојдневниот живот.

Член 30

Правото на домашна нега и помош, се обезбедува на старо, изнемоштено и

лице со телесна попреченост, и лице со умерена, тешка и длабока ментална попреченост кое не е во состојба да се грижи за себе и поради тоа му е потребна нега и помош во задоволувањето на егзистенцијалните потреби.

Домашната нега и помош на лицето од став 1 на овој член се обезбедува и кога тоа живее во семејство.

Член 31

Правото на дневно згрижување во дневен центар се обезбедува на:

- старо, изнемоштено лице и друго возрасно лице;
- лице со умерена и тешка попреченост во менталниот развој и на лице со телесна попреченост кое не може само да се грижи за себе;
- дете со телесна попреченост;
- дете на улица;
- лице кое употребува, односно злоупотребува droги и други психотропни супстанции и прекурзори и на членовите на неговото семејство и
- лице кое злоупотребува алкохол или се лекува од зависнот од алкохол и на членовите на неговото семејство.

Правото на згрижување во центар за дневно и привремено прифаќање и згрижување се обезбедува на лице:

- бездомник
- жртва на семејно насилство и
- жртва на трговија со луѓе .

Помошта во дневно згрижување за лицата од став 1 на овој член, односно дневно и привремено прифаќање и згрижување за лицата од ставот 2 на овој член, се обезбедува и тогаш кога тие живеат во семејство.

Член 32

Право на сместување во згрижувачко семејство, според овој закон, има лице кое нема услови за живеење во своето семејство или од други причини му е потребно сместување во згрижувачко семејство.

Правото на сместување во згрижувачко семејство од ставот 1 на овој член се обезбедува на:

- дете без родители и дете без родителска грижа до оспособувањето за самостоен живот и работа, а најдоцна до завршување на средно образование, ако не постојат можности згрижувањето и воспитанието да се обезбеди на друг начин;
- дете со воспитно-социјални проблеми (злоставувано, занемарено и социјално необезбедено дете) и дете жртва на семејно насилство;
- малолетен сторител на кривично дело или прекршок;
- лице со умерени и тешки пречки во менталниот развој, лице со длабоки пречки во менталниот развој и лице со трајна телесна попреченост на кое му е потребно трајно згрижување и нега и
- старо лице, возрасно лице со телесна попреченост и лице со пречки во менталниот развој кое не е во состојба само да се грижи, а поради станбената и семејната положба нема можност да му се обезбеди заштита на друг начин.

Член 33

Згрижувачкото семејство обезбедува сместување и згрижување на лицата од член 32 став 2 од овој закон.

Центарот за социјална работа ( во натамошниот текст: центар ) при изборот на згрижувачкото семејство се раководи од индивидуалните потреби на корисникот и возраста, степенот на образованието, здравствените и моралните подобности, материјалните и станбените услови на семејството и можностите на семејството за згрижување лице во согласност со одредбите на овој закон.

Згрижувачкото семејство од ставот 1 на овој член има право на надоместок на трошоците за сместување на лицето и надоместок за згрижување.

Сместување лице во згрижувачко семејство се врши врз основа на склучен договор меѓу центарот и еден член на згрижувачкото семејство.

Со договорот од ставот 4 на овој член се уредуваат особено:

- начинот и условите за сместување и престанок на сместувањето на лице во семејството;
- видот и обемот на социјалната заштита која му се обезбедува на лицето што се сместува во згрижувачкото семејство;
- висината на надоместокот за сместеното лице, која ги опфаќа трошоците на сместување и надоместок за згрижување;
- времетраењето на договорот, со можност за негово продолжување;
- услови за раскинување на договорот;
- отказниот рок за раскинување на договорот, кој за згрижувачкото семејство не може да биде пократок од три месеци;
- случаите при кои престанува да важи договорот и
- други права, обврски и одговорности.

Центарот може еднострано да го раскине договорот и пред истекот на рокот утврден во договорот, секогаш кога тоа го бараат интересите на лицето кое се сместува во згрижувачкото семејство.

Член 34

Центарот ги следи и координира активностите поврзани со сместувањето и згрижувањето на лицето во згрижувачкото семејство.

Згрижувачкото семејство е должно да постапува по дадените насоки од центарот за згрижување на сместеното лице и навреме да го известува центарот за сите промени и потреби на згриженото лице.

Член 35

Центарот може да смести во едно згрижувачко семејство најмногу пет лица, имајќи ги предвид условите и можностите за сместување на семејството.

Функционер кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на социјалната заштита ( во понатамошниот текст: министер) ги пропишува критериумите за избор на згрижувачко семејство, видот и бројот на корисниците кои можат да се сместат во едно згрижувачко семејство, видот и обемот на услугите од социјална заштита што му се обезбедуваат на сместеното лице.

Критериумите од ставот 2 на овој член кои ги пропишува министерот се јавен документ и се објавени на веб страницата на Минситерството за труд и социјална политика.

Член 36

Згрижувачкото семејство добива месечен надоместок за трошоците за сместеното лице и надоместок за згрижување.

Надоместокот за трошоците за сместеното лице изнесува 5000 денари, а надоместокот за згрижување изнесува 1.500 денари.

Надоместокот за трошоците за сместување од став 2 на овој член за дете без родители и родителска грижа и дете со воспитно-социјални проблеми на училишна возраст се зголемува за 500 денари, а надоместокот за згрижување од став 2 на овој член се зголемува за 500 денари.

Надоместок за трошоците за сместување од став 2 на овој член за дете со нарушено општествено поведение, лице со умерени и тешки пречки во менталниот развој и лице упатено на оспособување за работно- производна активност, лице со најтешки пречки во менталниот развој, лице со трајна телесна попреченост, старо лице, возрасно лице со телесна попреченост, како и возрасно лице со пречки во менталниот развој, се зголемува за 1.000 денари, а надоместокот за згрижување од став 2 на овој член се зголемува за 1.000 денари.

Висината на надоместокот на трошоците за сместено лице и надоместокот за згрижување од став 2, 3 и 4 на овој член се усогласува со порастот на трошоците на живот за претходната година, објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година.

Член 37

Износот на придонесите за пензиско и инвалидско осигурување и здравствена заштита за згрижувачите кои вршат згрижување на лице во своето семејство како професионална дејност, се на товар на Буџетот на Република Македонија, и се пресметуваат на износите дефинирани во членот 36 на овој закон.

Член 38

Центарот во зависност од утврдените потреби за интервентно сместување на лице во згрижувачко семејство, може да склучи договор со определено згриживачко семејство.

Како сместување од став 1 на овој член се смета првично сместување на лице во згрижувачко семејство, кое трае се додека стручниот тим во центарот не донесе одлука за обликот на заштита на лицето, но не подолго од 30 дена.

Згрижувачкото семејство од став 1 на овој член добива месечен паушал од 2.000 денари, а надоместокот за трошоците за сместното лице и надоместокот за згрижување, се пресметува во зависност од времетраењето на сместувањето.

Член 39

Право на живеење во мал групен дом има дете без родители или без родителска грижа, со воспитно-социјални проблеми, со пречки во менталниот или телесниот развој, лице со ментална или телесна попреченост, кое нема соодветни услови за живеење во своето семејство, кое нема семејство или од други причини му е потребно сместувањето во мал групен дом.

Член 40

Право на самостојно живеење со поддршка има лице со ментална или телесна попреченост, преку самостојно и организирано живеење во посебна станбена единица со постојана или повремена помош од стручни или други лица во остварување на основните животни потреби, социјални, работни, културни, рекреативни и други потреби.

Нивото на поддршката се определува во согласност со потребите, видот и степенот на попреченоста на корисникот.

Поддршката за самостојно живеење може да ја организира центарот, установата која сместува лица од став 1 на овој член и здружение на граѓани, согласно член 157 на овој закон.

Поблиските услови за стандардите во поглед на потребен простор, опрема и стручен кадар, нивото на поддршка, начинот и програмата за остварување на поддршката ги утврдува министерот.

## 3. Институционална заштита

Член 41

Институционалната заштита опфаќа право на оспособување за работно-производна активност и право на сместување во установа за социјална заштита.

### 3.1. Право на оспособување за работно-производна активност

Член 42

Право на оспособување за работно-производна активност има лице со умерени и тешки пречки во менталниот развој.

Правото на оспособување за работно-производна активност опфаќа упатување во установа за социјална заштита или во друго правно лице кое ги исполнува потребните услови, надоместок на трошоци за сместување и исхрана, надоместок на трошоци за оспособување за работно-производна активност и надоместок на трошоци за превоз.

Наод и мислење за способноста за оспособување за работно-произоводна активност на децата и младинците со умерени и тешки пречки во менталниот развој, дава органот надлежен за оцена на посебните потреби на децата и младинците со пречки во развојот, во согласност со актот за оценка на видот и степенот на попреченоста на лицата во менталниот или телесниот развој од член 203 став 2 и 3 на овој закон.

### 3.2. Право на сместување во установа за социјална заштита

Член 43

Право на сместување во установа за социјална заштита, има лице кое нема соодветни услови за живеење во своето семејство или од други причини му е потребно сместување во установа за социјална заштита, а не може да се примени друг облик на социјална заштита.

Право на сместување во установа за социјална заштита, се обезбедува на:

- дете без родители и дете без родителска грижа до оспособувањето за

самостоен живот и работа, а најдоцна до завршувањето на средното образование, ако не постојат можности згрижувањето и воспитанието да се обезбеди на друг начин;

- дете со воспитно-социјални проблеми, занемарено, запоставено, злоставувано, материјално необезбедено дете и дете жртва на семејно насилство;
- дете со нарушено поведение;
- бремена жена еден месец пред породувањето и самохран родител со дете до тримесечна возраст;
- лице со умерени и тешки пречки во менталниот развој упатено на оспособување за работно-производна активност, лице со длабоки пречки во менталниот развој и лице со трајна телесна попреченост на кое му е потребно трајно згрижување и нега ;
- старо лице, возрасно лице со телесна попреченост и лице со пречки во менталниот развој кое не е во состојба само да се грижи, а поради станбената и семејната положба нема можност да му се обезбеди заштита на друг начин и
- лице барател на право на азил.

Децата од став 2 алинеите 1, 2 и 3 на овој член можат да се сместат во ученички дом или друга установа за која центарот ќе оцени дека установата може да обезбеди чување, згрижување, воспитание, образование и нормален развој на детето.

## 4. Права на парична помош од социјална заштита

Член 44

Права на парична помош од социјална заштита се:

- социјална парична помош;
- постојана парична помош;
- парична помош на лице кое до 18 години возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа;
- парична помош на мајка која родила четврто дете
- паричен надоместок за помош и нега од друго лице;
- еднократна парична помош и помош во натура;
- надоместок на плата за скратено работно време поради нега на дете со телесни или ментални пречки во развојот;
- парична помош за социјално домување и
- право на здравствена заштита.

### 4. 1. Социјална парична помош

Член 45

Право на социјална парична помош има лице способно за работа и домаќинство, материјално необезбедено и кое според други прописи не може да обезбеди средства за егзистенција.

Како домаќинство во смисла на став 1 на овој член се подразбира заедница на членови на семејството и други роднини меѓу кои не постои законска обврска за меѓусебно издржување, кои заеднички придонесуваат, стопанисуваат и

трошат.

Член 46

За материјално необезбедено се смета лице и домаќинство кое остварува приходи по сите основи пониски од износот на социјалната парична помош, утврден со овој закон и кое не поседува имот и имотни права од кои може да се издржува.

Месечниот приход на лицето или домаќинството се определува според просечниот месечен приход на сите членови, остварен по сите основи во последните три месеци пред поднесување на барањето за остварување на право за социјална парична помош.

Член 47

Висината на социјалната парична помош за носителот на правото изнесува 2.140 денари ( во натамошниот текст: "основица").

За секој следен член на домаќинството основицата се зголемува за коефициент 0,37, а најмногу до пет члена.

Висината на социјалната парична помош од став 1 на овој член, се усогласува со порастот на трошоците на живот за претходната година, објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година.

Правото на социјална парична помош се исплатува како разлика помеѓу утврдениот износ на социјалната парична помош и вкупните приходи по сите основи на сите членови на домаќинството.

Доколку износот на социјалната парична помош е понизок од 100 денари, истата не се исплатува.

Член 48

Висината на социјалната парична помош се утврдува во зависност од периодот на користење на правото и тоа:

- во првите три години, во висина утврдена во членот 47 на овој закон и

- по истекот на третата година, во висина од 50% од утврдената висина, согласно со членот 47 на овој закон.

По исклучок од став 1 на овој член, домаќинство во кое има невработено лице инвалид на трудот кој не користи надоместок од центарот за вработување или од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување или носителот на правото е невработено лице на кое му недостастуваат најмногу пет години до остварувањето на правото на пензија, правото на социјална парична помош го остварува согласно со член 47 на овој закон.

Член 49

Во случај на прекин во користењето на правото на социјална парична помош до 60 месеци, корисникот има право да го доискористи преостанатото право на социјална парична помош, согласно со членот 48 на овој закон.

Ако прекинот на користењето на правото на социјална парична помош е подолг од 60 месеци корисникот има повторно право на социјална парична помош, согласно со членот 47 на овој закон.

Член 50

Центарот го определува носителот на правото на социјална парична помош.

Носителот на правото  на социјална парична помош е должен да ја потврди состојбата  на  месечните приходи за себе и сите членови во домаќинството, при поднесувањето на барањето и во текот на користењето на правото.

Носителот на правото на социјална парична помош е должен еднаш годишно да поднесе документација за материјалната и бројната состојба на домаќинството.

Ако носителот на правото на социјална парична помош не постапи согласно со став 2 и 3 на овој член, правото на социјална парична помош престанува и не може да се оствари во наредните шест месеци.

Член  51

Центарот врши непосреден увид заради утврдување на фактичката состојба на лицето и домаќинството.

Врз основа на увидот од став 1 на овој член, центарот  ќе го одбие барање за остварување на право на социјална парична помош, односно ќе одлучи истото да престане, доколку утврди дека барателот, односно корисникот не е изложен на социјален ризик.

Непосредниот увид од став 1 на овој член се врши по оценка на надлежниот центар, а најмалку  еднаш во текот на годината.

Увидот од ставот 1  на овој член надлежниот центар  го врши без претходно најавување. Ако на овластениот работник од центарот  не му се дозволи да направи увид во домот на домаќинството, правото на социјална парична помош не може да се оствари, односно престанува и истото не може да се оствари во наредните 12 месеци.

Член  52

Право на социјална парична помош не може да оствари лице кое:

- може само да се издржува, ако може да остварува приходи со продажба или со давање под закуп на имот кој тој и членовите на неговото домаќинство не го користат, за задоволување на минимална егзистенција;
-  не побарало издржување од лицето кое е должно да го издржува согласно со Законот за семејството, освен ако центарот за социјална работа утврди дека лицето кое според Законот е должно да го издржува би останало без минимум средства за егзистенција, пониски од висината на постојаната парична помош утврдена со овој закон;
- ако има склучен договор за доживотна издршка, а не покренало постапка за раскинување на тој договор и
- може да обезбеди издржување по друга основа.

Член 53

Право на социјална парична помош не може да оствари, односно му престанува правото на лицето или домаќинството кое дало нецелосни или невистинити податоци за семејната, материјалната состојба и состојбата со

имотот и имотните права.

Ако носителот на правото даде невистинити или нецелосни податоци, односно не извести за настанатата промена во материјалната, семејната и имотната состојба за себе и членовите на домаќинството, правото на социјална парична помош престанува и не може да се оствари во наредните 12 месеци.

Член 54

Право на социјална парична помош не може да користи:

- лице кое одбило понуда за вработување, обука, преквалификација или доквалификација заради вработување, согласно со Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност; и

- лице на кое му престанал работниот однос по негова вина или на негово барање.

Лицето од став 1 алинеја 1 и 2 на овој член не може да користи социјална парична помош во период од шест месеци.

Лицата од став 1 на овој член се сметаат за членови на домаќинството при пресметување на вкупните приходи на домаќинството, а се исклучуваат од користење на правото на социјална парична помош.

Центарот за вработување еднаш месечно го известува надлежниот центар за лицата од став 1 алинеја 1 на овој член.

Член 55

Корисниците на социјална парична помош можат да бидат работно ангажирани за извршување на јавни работи до пет дена во месецот, како и за извршување на сезонски работи и други повремени работи од градоначалникот на единицата на локалната самоуправа, од јавните претпријатија и јавните установи, освен пензионер, жена за време на бременоста и млади мајки до 9 месеци на породилно отсуство, лице неспособно за работа поради старост, инвалидност или болест, лице во работен однос, ученик и студент.

Работното ангажирање од став 1 на овој член се врши во соработка меѓу градоначалникот на единицата на локалната самоуправа, јавните претпријатија и јавните установи со надлежниот центар за социјална работа, односно надлежниот центар за вработување.

На корисниците на социјална парична помош од став 1 на овој член, кои се работно ангажирани до пет дена во месецот, правото на социјална парична помош не им престанува.

За време на работното ангажирање корисниците од став 1 на овој член, мора да бидат осигурани од организаторот на работата по основа на инвалидност и телесно оштетување, за повреда на работа или професионална болест.

На корисниците на социјална парична помош кои работно се ангажирани за сезонски и други работи над пет дена, правото на социјална парична помош им мирува за времето на работното ангажирање, а по престанувањето на работното ангажирање користењето на правото на социјална парична помош продолжува.

Организаторот на работата од став 1 на овој член, на корисниците на социјална парична помош им обезбедува надоместок за покривање на трошоците за храна и превоз до и од местото на вршење на работата, до износ од 15% од просечната плата исплатена во Република Македонија за претходната година, а

за ангажирање над пет дена и надоместок за ангажирањето, по потреба и во зависност од работното ангажирање.

Ако корисникот на социјална парична помош од став 1 на овој член неоправдано го одбие работното ангажирање, правото на социјална парична помош престанува и не може да се оствари во наредните 12 месеци.

Член 56

Министерот со општ акт го пропишува начинот на утврдување на состојбата на приходите, имотот и имотните права на домаќинството, определувањето на носителот на правото и потребната документација.

**4.2. Постојана парична помош**

Член 57

Право на постојана парична помош има лице неспособно за работа и материјално необезбедено, кое не може да обезбеди средства за својата егзистенција врз основа на други прописи.

Член 58

Неспособно за работа во смисла на овој закон се смета лице :

- со умерени, тешки и длабоки пречки во менталниот развој и лице со комбинирани и други пречки во развојот, кое заради степенот на попреченоста не може да се стекне со образование, како и лице со телесна попреченост, поради која е неспособно за работа;
- лице душевно заболено и лице со трајни промени во здравствената состојба, поради која е неспособно за работа;
- самохрана жена за време на бременоста еден месец пред породувањето и самохран родител согласно со Законот за семејството до три години возраст на детето;
- дете без родители и без родителска грижа кое не се штити врз основа на правото на сместување, кое нема приходи по основа на имот и имотни права и не остварува средства по основа на други прописи, но најмногу до 18 годишна возраст; и
- лице постаро од 65 години.

Неспособноста за работа за лицата над 26-годишна возраст од став 1 алинеја 1 и 2 на овој член со свој наод, оцена и мислење ја утврдува стручна комисија која може да биде при јавна установа која во рамките на својата дејност третира проблеми од областа на психофизичкиот развој на лица со одреден вид на попреченост или во друго правно лице.

По исклучок од став 2 на овој член, неспособноста за работа се смета за утврдена за лице над 26 години возраст со умерени, тешки и длабоки пречки во менталниот развој, лице со потешка и најтешка телесна попреченост, како и потполно слепо лице чиј вид и степен на попреченост е утврдена со наод, оценка и мислење на стручен орган, издаден во постапка согласно со општиот акт од член 203 став 2 и 3 на овој закон и решение на центарот за социјална работа.

Министерот со решение формира комисија за изготвување на наод, оцена и

мислење, за решавање по изјавена жалба против првостепено решение за правото на постојана парична помош.

Член 59

Материјално необезбедено лице во смисла на член 57 на овој закон, се смета лице кое нема приходи или чии приходи по сите основи по член на семејство се помали од 4000 денари, усогласени со порастот на трошоците на живот за претходната година, објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година и не поседува имот и имотни права од кои може да се издржува.

Член 60

Постојаната парична помош се обезбедува за носителот на правото и друг член на семејството како соуживател на помошта, неспособен за работа.

Право на постојана парична помош како соуживател има и дете до навршени 18 години живот или до 26 години живот, ако е на редовно школување.

Член 61

Висината на постојаната парична помош изнесува:

- за носителот на правото основицата утврдена во член 47 став 1 на овој закон се зголемува за коефициент 1,5;
- за еден соуживател висината на правото за носителот се зголемува за коефициент 0,40;
- за два и повеќе соуживатели висината на правото за носителот се зголемува за коефициент 1,0.

Член 62

Право на постојана парична помош не може да оствари лице кое:

- може само да се издржува, ако може да остварува приходи со продажба или со давање во закуп на имот кој тој и членовите на неговото семејство не го користат, за задоволување на минимална егзистенција;
- не побарало издржување од лицето кое е должно да го издржува врз основа на Законот за семејството, освен ако центарот за социјална работа утврди дека лицето кое според Законот е должно да го издржува би останало без минимум средства за егзистенција, пониски од висината на постојаната парична помош утврдена со овој закон;
- ако има склучен договор за доживотна издршка, а не покренало постапка за раскинување на тој договор и
- може да обезбеди издржување по друга основа.

Член 63

Право на постојана парична помош не може да оствари, односно му престанува правото на лице кое дало нецелосни или невистинити податоци за семејната, материјалната состојба и состојбата со имотот и имотните права.

Член 64

Центарот е должен да го извести корисникот или неговиот старател за потребата од повторен преглед два месеца пред истекот на рокот определен за повторна оцена за неспособноста за работа.

Член 65

Право на постојана парична помош, може да оствари и лице неспособно за работа, кое има имот и кое склучило договор за доживотно издржување со центарот.

Висината на постојаната парична помош од став 1 на овој член, ја утврдува центарот и корисникот во зависност од вредноста на имотот што е предмет на договорот за доживотно издржување, а по претходна согласност на Министерството.

Член 66

Самохрана бремена жена и самохраниот родител од членот 58 алинеја 3 на овој закон, остваруваат право на постојана парична помош заклучно до третото дете по ред на раѓање.

Член 67

Министерот со општ акт го пропишува начинот на утврдување на состојбата на приходите, имотот и имотните права и потребната документација за остварување на правото, составот и начинот на работата на стручната комисија и второстепената комисија, легитимацијата на стручните лица, начинот на водење на евиденција на издадените наоди и формата и содржината на образецот за давање на наод, оценка и мислење за неспособноста за работа.

### 4.3. Парична помош на лице кое до 18 години возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа

Член 68

Право на парична помош на лице кое до 18 години возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа има лице кое нема приходи и имот од кој може да се издржува, до наполнување на 26 години возраст.

Министерот со општ акт ги пропишува начинот на утврдување на состојбата на приходите, имотот, имотни права и потребната документацијата за остварување на правото.

Член 69

Висината на паричната помош на лицето од член 68 од овој закон изнесува 4.000 денари, усогласена со порастот на трошоците на живот за претходната година, објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година.

Висината на паричната помош на лицето од член 68 од овој закон, кое се наоѓа на редовно школување, изнесува 5.600 денари усогласена со порастот на трошоците на живот за претходната година, објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година.

### 4.4.Право на парична помош на мајка која родила четврто дете

Член 70

Право на парична помош има мајка која родила четврто живородено дете од 1 јануари 2009 година.

Правото од став 1 на овој член го остварува мајка, која се грижела за децата до нивната 18 годишна возраст, која е невработена и не користи право на пензија, по наполнување на 62 години живот.

Правото од став 1 на овој член не може да се оствари доколку на мајката и било одземено родителското право над едно од децата.

Член 71

Висината на паричната помош од член 70 на овој закон изнесува 8.000 денари, усогласена со порастот на трошоците на живот за претходната година, објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година.

Министерот со општ акт го пропишува начинот на остварување на правото на парична помош на мајка која родила четврто дете и потребната документација за остварување на ова право.

### 4.5.Паричен надоместок за помош и нега од друго лице

Член 72

Право на паричен надоместок за помош и нега од друго лице има лице над 26-годишна возраст, со умерени, тешки и длабоки пречки во менталниот развој, лице со потешка и најтешка телесна попреченост, потполно слепо лице, како и лице со трајни промени во здравствената состојба, на кое му е неопходна помош и нега од друго лице заради тоа што не може само да ги задоволува основните животни потреби, доколку ова право не може да го оствари врз основа на други прописи.

Висината на паричниот надоместок за помош и нега од друго лице се утврдува во зависност од обемот на потребата за помош и нега од друго лице.

Член 73

Потреба од помош и нега од друго лице во поголем обем има лице со тешки и длабоки пречки во менталниот развој, лице со потешка и најтешка телесна попреченост, потполно слепо лице, како и лице со трајни промени во здравствената состојба, поради што не може само да ги задоволува основните животни потреби, не може ниту со помош на ортопедски помагала самостојно да се движи во станот или надвор од станот, самостојно да се храни, облекува, да ја одржува личната хигиена, ниту да ги обавува основните физиолошки потреби.

Потреба од помош и нега од друго лице во помал обем има лице со умерени пречки во менталниот развој и лице кое поради трајни промени во здравствената состојба не може без помош од друго лице во потполност да ги задоволува основните животни потреби.

Потреба од помош и нега од друго лице од став 1 и 2 од овој член, има и лице кое поради привремени промени во здравствената состојба без помош на ортопедски помагала не може да ги задоволи основните животни потреби.

Член 74

Висината на паричниот надоместок за помош и нега од друго лице во поголем обем изнесува 4.185 денари, усогласена со порастот на трошоците на живот за претходната година, објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година.

Висината на паричниот надоместок за помош и нега од друго лице во помал обем изнесува 3.702 денари, усогласена со порастот на трошоците на живот за претходната година, објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година.

Правото на паричниот надоместок за помош и нега од друго лице мирува за време додека лицето е згрижено подолго од 30 дена во здравствена или друга установа, со решение на центарот.

Член 75

Потребата за помош и нега од друго лице со наод, оцена и мислење, ја утврдува стручна комисија која може да биде при јавна установа која во рамките на својата дејност третира проблеми од областа на психофизичкиот развој на лица со одреден вид на попреченост или во друго правно лице.

Право на паричен надоместок за помош и нега од друго лице, по исклучок од став 1 на овој член, има лице над 26 години возраст со тешки и длабоки пречки во менталниот развој, лице со потешка и најтешка телесна попреченост, како и потполно слепо лице чиј вид и степен на попреченост е утврдена со наод, оценка и мислење на стручен орган, издаден во постапка согласно со општиот акт од член член 203 став 2 и 3 на овој закон и решение на центарот за социјална работа.

Член 76

Центарот е должен да го извести корисникот за потребата од повторен преглед два месеца пред истекот на рокот определен за повторна оцена за утврдување на потребата од помош и нега од друго лице.

Член 77

Министерот со решение го определува правното лице од членот 75 став 1 на овој закон, при кое стручната комисија го дава наодот, оцената и мислењето за неспособноста за работа и за потребата од помош и нега од друго лице.

Министерот со решение формира комисија за изготвување на наод, оцена и мислење, за решавање по изјавена жалба против првостепено решение за правото на помош и нега од друго лице.

Член 78

Министерот со акт го пропишува начинот за остварување на правото на паричен надоместок за помош и нега од друго лице, потребната документација, составот и начинот на работата на стручната комисија и второстепената комисија, легитимацијата на стручните лица, начинот на водење евиденција за издадените наоди и формата и содржината на образецот за давање на наод, оценка и мислење за потребата од помош и нега од друго лице.

### 4.6. Еднократна парична помош и помош во натура

Член 79

Еднократна парична помош или помош во натура се доделува на лице или семејство кое се нашле во положба на социјален ризик, како и на лице и семејство заради претрпена природна непогода или епидемија и подолго лекување во здравствена установа.

Под помош во натура, во смисла на овој закон, се подразбира обезбедување на облека, исхрана и други средства за кои центарот за социјална работа ќе утврди дека се неопходни за минимална егзистенција на граѓанинот и семејството.

Правото од став 1 на овој член, по исклучок во несреќни случаи, акутна болест која бара болничко лекување и слично, може да го користат и државјани на Република Македонија кои немаат постојано живеалиште, како и странци со привремен престој и регулиран влез во Република Македонија, согласно со закон.

Во Буџетот на Републиката се обезбедуваат средства за доделување на еднократна помош во случаи на вонредно загрозување на населението од поголеми размери.

Член 80

Износот на еднократната парична помош може да изнесува до 30.000 денари, и тоа:

- за задоволување на потребите на лице или семејство кое се нашло во положба на социјален ризик, а која може да остави трајни последици, заради претрпена природна непогода (земјотрес, поплава, пожар), епидемија и смрт на член на семејството,
- на семејство чиј член е корисник на земјоделско земјиште на плодоуживање во сопственост на државата, во моментот на склучување на договорот за плодоуживање согласно со прописите,
- лице кое има потреба од оперативен зафат или подолго лекување во здравствена установа во странство и
- станбено необезбедено лице- корисник на постојана парична помош, како помош во обезбедување на нужно сместување.

Износот на еднократната парична помош може да изнесува до 15.000 денари за потребите на членот на семејството кое е лице со пречки во менталниот развој или лице со трајна телесна попреченост, кое согласно со овој закон би можело да оствари право на сместување во установа за социјална заштита.

Износот на еднократната парична помош може да изнесува до 12.000 денари за задоволување на потребите на лице или семејство кое се нашло во положба на социјален ризик во случај на подолго лекување во здравствена установа.

Износот на еднократната парична помош може да изнесува до 4.500 денари за задоволување на потребите на лице или семејство кое се нашло во положба на социјален ризик кој не остава трајни последици, а е неопходно социјално и материјално обезбедување на лицето.

Износот на еднократната парична помош изнесува 180.000 денари за дете или младинец без родители и без родителска грижа, кој по наполнување на 18-

годишна возраст ја напушта установата или згрижувачкото семејство, заради негово адаптирање во социјалната средина.

Висината на правото на еднократна парична помош од став 1, 2, 3 и 4 на овој член се усогласува со порастот на трошоците на живот за претходната година, објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година.

Еднократната парична помош се остварува во центарот за социјална работа, а во итни и неодложни случаи министерот може да донесе решение за доделување еднократната парична помош.

Против решението на министерот од ставот 7 на овој член може да се изјави жалба до Комисијата на Владата за решавање на управни работи во втор степен од областа на трудот, социјалната политика и здравството (во натамошниот текст: Комисијата на Владата).

Член 81

Министерот со општ акт го пропишува начинот на остварување на правото на еднократна парична помош и потребната документација за остварување на ова право.

### 4.7. Надоместок на плата за скратено работно време поради нега на дете со телесни или ментални пречки во развојот

Член 82

Правото на надоместок на плата за скратено работно време поради нега на дете со телесни или ментални пречки во развојот и со најтешки облици на хронични заболувања, утврдено со Законот за работните односи, се остварува во центарот.

Висината на надоместокот на плата од став 1 на овој член изнесува 4.800 денари, усогласена со порастот на трошоците на живот за претходната година, објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година.

Придонесите и другите обврски ќе се пресметуваат и наплатуваат согласно со Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

Социјалните придонеси ќе се пресметуваат и плаќаат согласно со Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување.

Министерот со општ акт го определува начинот и документацијата за остварување на правото од став 1 на овој член.

### 4.8. Парична помош за социјално домување

Член 83

Правото на парична помош за социјално домување, се обезбедува на социјално загрозени лица - станбено необезбедени.

Социјално загрозени лица во смисла на став 1 на овој член се:

- корисници на постојана парична помош и
- лице кое до 18 годишна возраст имало статус на дете без родители и без родителска грижа, односно и по престанување на старателството, а најмногу до 26-годишна возраст.

Начинот на остварување на правото на парична помош за социјално домување за лицата од став 2 алинеја 1 на овој член, со акт ги определува советот на општината, на Градот Скопје и на општините во градот Скопје, а за лицата од став 2 алинеја 2 на овој член, со опш акт ги определува министерот.

Средствата за остварување на правото на парична помош за социјално домување на лицата од став 2 алинеја 1 од овој член, се обезбедуваат од буџетот на општината, на Градот Скопје и на општините во градот Скопје, а за лицата од став 2 алинеја 2 од овој член се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

Средствата за остварување на правото на парична помош за социјално домување може да се обезбедат и преку донации, фондации, кредити и друго.

### 4.9. Здравствена заштита

Член 84

Право на здравствена заштита имаат корисниците на:

- постојана парична помош;
- лица сместени во згрижувачко семејство;
- лица сместени во установа за социјална заштита, (за институционална и вонинституционална заштита);
- корисници на паричен надоместок за помош и нега од друго лице,
- лице кое до 18 - годишна возраст имало статус на дете без родители и без родителска грижа, најмногу до 26 години, а користи социјална парична помош,
- лице-жртва на семејно насилство за кое се превзема мерка на заштита согласно законот за семејство и
- лице опфатено со организирано самостојно живеење со поддршка.

Корисниците од став 1 на овој член остваруваат право на здравствена заштита, ако не можат да се осигураат по друга основа.

## III. Глава

## УСТАНОВИ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

### 1. Основање и престанок на установите за социјална заштита

Член 85

За остварување на системот на социјалната заштита се основаат јавни и приватни установи за социјална заштита.

Член 86

Јавна установа за социјална заштита (во натамошниот текст: јавна установа) основа Владата, во согласност со потребите на дејноста за социјална заштита и со мрежата на јавни установи.

Член 87

Општината, Градот Скопје и општините во градот Скопје можат да основаат јавна установа за вонинституционална и институционална заштита врз основа на одобрение согласно со овој закон, освен центар за социјална работа и јавна установа за сместување на деца и младинци со нарушено поведение .

Советот на општината, на Градот Скопје и на општините во градот Скопје може да донесе одлука за основање на установа од ставот 1 на овој член, по претходно мислење од Министерството.

Член 88

Приватна установа за социјална заштита (во натамошниот текст: приватна установа) може да основа домашно и странско правно или физичко лице, врз основа на одобрение, во согласност со овој закон.

Домашно и странско правно или физичко лице не може да биде основач ниту соосновач на центар за социјална работа, јавна установа за сместување на деца и младинци со воспитно социјални проблеми и јавна установа за сместување на деца и младинци со нарушено поведение.

Член 89

Установа за социјална заштита може да се основа и да започне со работа, ако е обезбеден простор, опрема, стручни кадри и средства потребни за работа, во зависност од видот на дејноста и ако ги исполнува условите утврдени со овој закон.

Условите предвидени во став 1 на овој член се однесуваат и за јавни и приватни установи за социјална заштита.

Основачот со елаборатот за основање на установата го определува видот и обемот на социјалната заштита, просторните услови, опремата, потребниот број стручни кадри, обемот на средства и начин на обезбедување на одржливо ниво на финансирање на дејноста за период од шест месеци, заштита при работа на вработените и заштита на корисниците на јавната услуга.

Основачот на приватна установа покрај исполнување на условите од став 1 и 3 на овој член, кон елаборатот приложува квалитетна финансиска гаранција за континуирано вршење на услугите од доменот на установата најмалку за период од шест месеци и за надоместување на штетата што може да им биде предизвикана на корисниците на услугите, ако установата престане со работа.

Барањето за основање на установа со пропишаната документација од ставот 3 и 4 на овој член се поднесува до Министерството.

Министерот ги пропишува нормативите и стандардите за простор, опрема, стручни кадри и средства потребни за основање и започнување со работа на установа за социјална заштита.

Член 90

Владата, по претходно мислење од Министерството, издава одобрение за основање на установа за социјална заштита.

Со одобрението од став 1 на овој член, се утврдува видот и обемот на социјалната заштита, потребната опрема, простор, средства и кадри, согласно со стандардите и нормативите, почетокот на работа и слично.

Член 91

Установа за социјална заштита се основа со акт за основање.

Со актот за основање на установата за социјална заштита се утврдува:

1. назив, односно името на основачот;
2. назив, односно име на фирмата на установата и нејзиното седиште;
3. дејноста на установата за социјална заштита;
4. средствата за основање и почеток со работа на установата за социјална заштита и начинот на обезбедувањето на средствата и гаранцијата;
5. права и обврски на основачот во поглед на вршењето на дејноста, односно вршењето на работите за кои се основа установата;
6. одговорностите на установата за обврските во правниот промет;
7. вршител на должноста директор;
8. рок за донесување на статутот; и
9. други прашања.

Член 92

Установата за социјална заштита може да започне со работа откако министерот со решение ќе утврди дека се исполнети условите за почеток со работа од член 89 став 1 на овој закон.

Решението од ставот 1 на овој член се донесува по претходно мислење на трichлена комисија, формирана со решение на министерот.

Комисијата од ставот 2 на овој член врши непосреден увид со цел да утврди дали се исполнети условите од член ставот 89 став 1 на овој закон, врз основа на што изготвува мислење.

Против решението од став 1 на овој член, може да се изјави жалба до Комисијата на Владата.

Член 93

Установата за социјална заштита стекнува својство на правно лице од денот на уписот во Централниот регистар на Република Македонија.

Министерството води евиденција на установите за социјална заштита.

Начинот на водење на евиденцијата од став 2 на овој член го пропишува министерот.

Член 94

Министерот и основачот на приватна установа и јавна установа за социјална заштита основана од општината, Градот Скопје и на општините во градот Скопје, склучуваат управен договор во кој поблиску се уредуваат начинот на вршење на дејноста и меѓусебните права и обврски, а особено:-

- правата и обврските кои ги има основачот;
- правата и обврските кои ги презема Министертвото;
- видот и бројот на корисниците и подрачјето на кое се обавува дејноста;
- условите за континуирано вршење на дејноста;
- условите за квалитетно вршење на дејноста и
- други посебни услови во зависност од дејноста на установата.

Управниот договор од став 1 на овој член престанува да важи по истекот на

рокот за кој е склучен и во случај на одземање на дозволата за вршење на дејноста.

Член 95

Установата за социјална заштита не може да ја прошири или да ја промени дејноста за која е основана, без согласност на основачот, а приватната установа и јавната установа основана од општината, Градот Скопје и општините во градот Скопје и без одобрение на Владата.

Член 96

Установата за социјална заштита престанува ако:

- со правосилна одлука се утврди ништавност на уписот на установата за социјална заштита во Централниот регистар на Република Македонија;
- е изречена санкција за забрана за вршење на дејноста, заради неисполнување на условите за вршење на дејноста;
- основачот донесе акт за престанување на установата за социјална заштита, ако престанала потребата, односно условите за вршење на дејноста за која установата за социјална заштита била основана;
- се спои со друга установа за социјална заштита или подели на две или повеќе установи и
- се исполнети други услови за престанок на установата за социјална заштита предвидени со закон или актот за основање.

Член 97

Приватната установа е должна најмалку шест месеци пред престанокот со работа да го извести Министерството, центарот и корисниците, односно нивните законски застапници.

Член 98

Владата може да го одземе одобрението, ако основачот основа установа за социјална заштита спротивно на актот за одобрение од член 90 став 1 на овој закон и ако се утврди дека приватната установа и јавната установа, основана од општината, Градот Скопје и општините во градот Скопје, повеќе не ги исполнува условите од член 89 став 1 на овој закон или не ги спроведува одредбите на овој закон и другите акти донесени врз основа на овој закон.

Со денот на донесување на актот за одземање на одобрението, приватната установа и јавната установа, основана од општината, Градот Скопје и општините во градот Скопје, престанува со работа.

Врз основа на актот за одземање на одобрението, установата од став 1 на овој член се брише од Централниот регистар на Република Македонија.

Последиците кои ќе произлезат од одземањето на одобрението, ќе паднат на товар на основачот.

## 2. Организација на установите за социјална заштита

Член 99

Установата за социјалната заштита донесува статут со кој се уредува нејзината организација, управувањето и раководењето, општите акти и постапката за нивно донесување и други работи од значење за работата на установата за социјална заштита.

Во установата за социјална заштита за вршење на одделни дејности или дел на дејности или за вршење на дејности на определено подрачје можат да се основаат организациони единици со права и обврски утврдени во статутот на установата за социјална зштита и во рамките на дејноста.

Со статутот на установата за социјална заштита на организационите единици од став 2 на овој член, може да им се утврдат одделни овластувања во правниот промет во рамките на дејноста, без својство на правно лице, кои ги вршат во име и за сметка на установата за социјална заштита.

На статутот на јавна установа основана од Владата согласност дава министерот.

На статутот на јавна установа основана од општината, Градот Скопје и општините во градот Скопје и на приватни установи согласност дава основачот, по претходно добиено мислење од Министерството.

На статутот на приватна установа согласност дава градоначалникот на општината на чие подрачје се наоѓа установата, по претходно добиено мислење од Министерството .

## 3. Управување и раководење со установа за социјална заштита

### Орган на управување

Член 100

Орган на управување во јавната установа и во јавната установа основана од општината, Градот Скопје и општините во градот Скопје е управниот одбор.

Управниот одбор го сочинуваат пет члена именувани од основачот од кои двајца членови се од редот на стручните работници во установата за социјална заштита.

Управниот одбор на центарот за социјална работа го сочинуваат пет члена именувани од основачот, од кои еден член предложен од советот на општината на чие подрачје е седиштето на центарот за социјална работа, еден член од редот на стручните работници во центарот за социјална работа и три претставника на основачот.

Претставникот во управниот одбор на центарот за социјална работа кој дава социјална заштита на подрачјето на Градот Скопје го предлага Советот на Градот Скопје.

Членовите на управните обори во установите за социјалната заштита

треба имаат соодветно образование согласно со член 110 на овој закон и најмалку две години работно искуство по дипломирањето .

Членовите на управниот одбор се избираат со мандат во траење од четири години.

Управниот одбор го свикува и со неговата работа раководи претседателот на управниот одбор, кој го избираат членовите на управниот одбор од своите редови.

Управниот одбор своите одлуки ги донесува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

Во работата на управниот одбор учествува директорот на установата за социјална заштита, без право на одлучување.

Член 101

Управниот одбор на јавната установа и на јавната установа основана од општината, Градот Скопје и општините во градот Скопје:

- донесува статут;
- донесува акт за организација и работа на установата и систематизација на работните места;
- донесува годишна програма за работа и го следи нејзиното извршување;
- усвојува извештај за работа;
- утврдува финансиски план и ја усвојува годишната сметка;
- предлага на основачот измена или проширување на дејноста;
- распишува јавен конкурс за избор на директор и е должен да го распише јавниот конкурс најмалку три месеци пред истекот на мандатот на директорот и
- врши и други работи утврдени со овој закон и статутот на установата за социјална заштита.

На актот за внатрешна организација и систематизација на работни места на јавната установа основана од Владата на Република Македонија, согласност дава министерот, а актот за внатрешна организација и систематизација на работни места на јавната установа основана од општината, Градот Скопје и општините во градот Скопје согласност дава градоначалникот.

Член 102

Управувањето во приватна установа за социјална заштита го уредува основачот, согласно со статутот на установата.

## Орган на раководење

Член 103

Со јавната установа за социјална заштита раководи директорот.

За директор на јавна установа за социјална заштита се избира лице кое покрај општите услови утврдени со закон, има високо образование утврдено со статутот на установата во зависност од природата на дејноста на јавната установа, да има четири години работно искуство по дипломирањето и подготвена програма за раководење со установата.

Директорот на јавната установа, основана од Владата го избира и разрешува министерот.

Директорот се избира врз основа на јавен конкурс.

Мандатот на директорот на установата трае четири години, со можност повторно да биде избран.

Директорот на јавната установа основана од општината, Градот Скопје и општините во градот Скопје, го избира и разрешува градоначалникот на општината, на Градот Скопје и на општините во градот Скопје.

Член 104

Ако навреме не се избере директор во јавната установа основана од Владата, министерот назначува вршител на должноста директор најмногу за шест месеци со можност за продолжување за уште шест месеци, а за јавната установа основана од општината, Градот Скопје и општините во градот Скопје вршител на должноста директор назначува градоначалникот на општината, на Градот Скопје и на општините во градот Скопје.

Член 105

Директорот на јавната установа основана од Владата и јавната установа основана од општината, Градот Скопје и општините во градот Скопје, ја организира работата и раководи со установата, ја застапува и ја претставува установата и е одговорен за законитоста во работењето.

Директорот непосредно раководи со установата и се грижи за нејзиното унапредување.

Во зависност од природата и сложеноста на работата, директорот може да назначи раководители на одделенија, кои за својата работа одговараат пред него.

Директорот поднесува годишен извештај за работата и за материјално-финансиското работење до управниот одбор на установата и до министерот, односно до градоначалникот на општината, на Градот Скопје и на општините во градот Скопје.

Директорот донесува одлука за избор на работник, врши распоредување на работниците, одлучува за годишни одмори и платени и неплатени отсуства за работниците, донесува решение за престанок на работен однос и покренува одговорност за материјална штета и врши други работи согласно со закон.

Член 106

Директорот на јавната установа осована од Владата и на јавната установа основана од општината, Градот Скопје, и општините во градот Скопје, може да биде разрешен пред истекот на времето за кое бил именуван:

- на негово барање;

- ако настане некоја од причините, поради кои според прописите за работните односи престанува работниот однос по сила на законот;

- ако не постапува според прописите и општите акти на установата или неоправдано не ги спроведува одлуките на управниот одбор или постапува во спротивност со нив;

- ако не достави извештај од член 105 став 4 на овој закон, односно ако извештајот биде негативно оценет;

- ако со својата несовесна и незаконска работа и предизвика на јавната установа значителна штета, или ако ги занемарува или намерно не ги извршува своите обврски и поради тоа настанат или би можеле да настанат тешки

нарушувања во извршувањето на дејноста на јавната установа и

- ако по инспекцискиот надзор не ги отстрани констатираните недостатоци и неправилности во рокот определен со решението.

Ако директорот е разрешен по основа на постапувањата наведени во став 1 алинеите 3, 4, 5 и 6 на овој закон, на директорот му престанува работниот однос.

**Орган за внатрешна контрола**

Член 107

За вршење на внатрешна контрола на работењето на установите за социјална заштита основачот формира орган за надзор.

Органот за надзор го сочинуваат три члена именувани од основачот.

Членовите на орган за надзор се избираат со мандат во траење од четири години.

За членови на орган за надзор можат да бидат именувани лица кои немаат засновано работен однос во установата, имаат високо образование и поседуваат знаење и искуство од дејноста на установата.

Органот за надзор го свикува и со неговата работа раководи претседателот, кој го избираат членовите на органот за надзор од своите редови.

Органот за надзор своите одлуки ги донесува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

Член 108

Органот за надзор врши контола на материјално-финасиското работењето на установата, користењето и располагањето на средствата на установата и за наодите доставува извештај до основачот, Министерството, управниот одбор и директорот на установата.

Бројот на членовите на органот за надзор, начинот на работа, условите и начинот на престанок на мандатот на членовите на органот за надзор се утврдуваат со статутот на установата.

Член 109

Раководењето во приватна установа го уредува основачот, согласно со статутот и овој закон.

## IV. Глава

## ВИДОВИ И ДЕЈНОСТ НА УСТАНОВИТЕ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

### 1. Кадри во установите за социјална заштита

Член 110

Стручните работи во установата за социјална заштита, во зависност од видот на работата, ги вршат стручните работници со високо образование: дипломиран социјален работник, психолог, андрагог, педагог, правник, економист, лекар, дефектолог, логопед, специјален педагог за превенција и ресоцијализација

и социолог; вишо образование: социјален работник, здравствен работник и други работници зависно од потребата на дејноста; средно образование: здравствен работник како и други работници за извршување на други работи во зависност од дејноста, видот и обемот на услугите, доколку со овој закон поинаку не е утврдено.

Стручните работници со високо образование можат да вршат стручна работа во установа за социјална заштита, доколку имаат лиценца за работа согласно со овој закон.

Член 111

Одредени работи во социјалната заштита, по овластување на директорот на установата за социјална заштита, без надоместок можат да ги вршат волонтери, кои се квалификувани за тој вид на работа или поминале низ обука за вршење на таа работа.

Волонтерот не може да решава за правата од социјална заштита.

Работите кои можат да се вршат со волонтерска работа, начинот на нивното вршење, како и потребните квалификации или обука, ги утврдува со акт установата за социјална заштита согласно со закон.

## 2. Работно време во установите за социјална заштита

Член 112

Распоредот, почетокот и завршувањето на работното време во јавната установа, зависно од видот и обемот на социјалната заштита и услугите од социјална заштита, го утврдува со акт министерот.

## 3. Евиденција во установите за социјална заштита

Член 113

Установата за социјална заштита води евиденција за корисниците на правата од социјална заштита и документација за стручната работа.

Министерот го пропишува начинот на водење на евиденцијата и документацијата од став 1 на овој член и поблиску ги определува корисниците на социјалната заштита.

Член 114

Установата за социјална заштита која врши сместување на корисници на социјална заштита за својата работа поднесува тримесечен извештај до Министерството.

## 4. Видови на установи за институционална заштита

Член 115

Институционалната заштита ја вршат:

а) установа за сместување на доенчиња и мали деца без родители и без родителска грижа до три годишна возраст;

б) установа за  сместување на деца без родители и без родителска грижа над тригодишна возраст и на младинци;

в) установа за сместување на деца и младинци со воспитно-социјални проблеми;

г) установа за сместување на деца и младинци со нарушено поведение;

д) установа за сместување на деца и младинци со умерени и тешки пречки во менталниот развој;

ѓ) установа за сместување на деца и младинци со пречки во телесниот развој;

е) установа за сместување на стари лица;

ж) установа за сместување на возрасни лица со телесна попреченост;

з) установа за сместување на лица со пречки во менталниот развој и

ѕ) установа за сместување на лица баратели на право на азил.

## а) Установа за сместување на доенчиња и мали деца без родители и без родителска грижа до тригодишна возраст

Член 116

Установата за сместување на доенчиња и деца без родители и без родителска грижа до тригодишна возраст обезбедува згрижување (домување, исхрана, облекување, нега и грижа) и здравствена заштита на децата.

Во установата за сместување на доенчиња и деца без родители и без родителска грижа до тригодишна возраст, може да се организира привремено сместување и престој на самохрана невработена бремена жена еден месец пред породувањето и самохран родител до тримесечна возраст на детето.

Самохран невработен родител под условите утврдени во став 1 на овој член може да се смести и во згрижувачко семејство.

## б) Установа за сместување на деца без родители и без родителска грижа над тригодишна возраст и младинци

Член 117

Установа за сместување на деца без родители и без родителска грижа над тригодишна возраст и младинци, обезбедува згрижување (домување, исхрана, облекување, нега и грижа) и воспитание на децата до обезбедувањето на услови за нивно враќање во семејството, односно до оспособување за самостоен живот и работа, а најдолго до шест месеци по завршувањето на средното образование, ако не постојат можности згрижувањето да се обезбеди на друг начин.

Установата од став 1 на овој член е должна на децата и младинците да им обезбеди посетување на основно и средно образование во соодветна установа, организирање стручна помош за успешно совладување на воспитно-образовните програми, да организира различни облици на работа и живот, како и да се грижи за нивното здравје.

## в) Установа за сместување на деца и младинци со воспитно-социјални проблеми

Член 118

Установата за сместување на деца и младинци со воспитно-социјални проблеми, на возраст од 7 до 18 години или до завршување на средното училиште, врши прифаќање и краткотрајно згрижување на малолетни лица, опсервација и дијагностика на малолетни лица, сместување, воспитание, образование и корективен третман на малолетно лице во зависност од нивните потреби во траење до три години.

Установата од став 1 на овој член обезбедува основно и средно образование на децата и младинците во соодветните установи за образование.

**г) Установа за сместување на деца и младинци со нарушено поведение**

Член 119

Установата за деца и младинци со нарушено поведение, на возраст од 10 до 18 години, врши згрижување, воспитание и основно образование на малолетни лица, а средното образование го обезбедува во соодветни установи за образование.

Установата од став 1 на овој член извршува воспитна мерка упатување во воспитна установа, во согласност со прописите за извршување на санкциите и упатување во соодветна установа, поради нарушување во поведението, согласно со закон.

Член 120

Установите за деца и младинци од членовите 118 и 119 на овој закон, должни се да обезбедат за лицата соодветни услови за сместување, исхрана, планирано и организирано спроведување на содржини, мерки и активности во процесот на нивното воспитание и образование, слободни активности и културно-забавен живот, како и да се грижат за животот и здравјето на децата и младинците сместени во установите.

**д) Установа за сместување на деца и младинци со умерени и тешки пречки во менталниот развој**

Член 121

Установата за сместување на деца и младинци со умерени и тешки пречки во менталниот развој, обезбедува опсервација, рехабилитационо-корекционен третман, воспитание, образование и оспособување за работно-производна активност, сместување, згрижување и здравствена заштита.

Установата од став 1 на овој член, организира културно-забавни, спортски и други активности во зависност од потребите и психофизичките способности и можности на лицата со умерени и тешки пречки во менталниот развој.

Установата од став 1 на овој член за возрасните лица со умерени и тешки пречки во менталниот развој може да организира дневен и полудневен престој, згрижување и работно-производна активност и работна терапија.

Установата издава сертификат за оспособеноста на лицата за работно-производна активност и работна терапија.

## ѓ) Установа за сместување на деца и младинци со пречки во телесниот развој

Член 122

Установата за сместување на деца и младинци со пречки во телесниот развој обезбедува згрижување (домување, исхрана, нега и грижа) до оспособување за самостоен живот и работа.

Установата од став 1 на овој член е должна на децата и младинците да им обезбеди основно и средно образование, да организира стручна помош за успешно совладување на воспитно-образовните програми, да организира различни облици на работа и живот и да се грижи за нивното здравје.

Установата од став 1 на овој член обезбедува кадри оспособени за помагање и едукација на лицата со пречки во телесниот развој, зависно од видот на телесната попреченост, утврдени со нормативите и стандардите од член 89 став 6 од овој закон.

Установата може да организира и одделение за возрасни лица со телесна попреченост, доколку за тоа има можност.

## е) Установа за сместување на стари лица

Член 123

Установата за стари лица обезбедува сместување, исхрана, помош и нега, здравствена заштита, културно-забавни, работни рекреативни активности, услуги на социјална работа и други услуги зависно од потребите, способностите и барањата на корисникот.

Покрај услугите утврдени во став 1 на овој член, установата за стари лица може да организира и вонинституционални облици на заштита во вид на давање помош дома и дневен престој на стари лица.

Член 124

Установата од член 123 на овој закон, обезбедува прифаќање и привремено сместување на возрасни и стари лица, кои заради разни околности се нашле надвор од местото на живеење, без средства за живот или се без постојано сместување, се до нивното враќање во сопственото семејство или сместување во установа за социјална заштита.

## ж) Установа за сместување на возрасни лица со телесна попреченост

Член 125

Установата за возрасни лица со телесна попреченост, на лицата целосно и трајно неспособни за работа поради телесна попреченост, обезбедува сместување, здравствена заштита, рекреативни и културно-забавни активности, во согласност со нивните способности.

## з) Установа за сместување на лица со пречки во менталниот развој

Член 126

Установата за сместување на лица со пречки во менталниот развој, обезбедува сместување, згрижување, здравствена заштита, рехабилитација, работна и окупациона терапија, во согласност со нивните способности и здравствената состојба.

Установата од став 1 на овој член, може да организира дневен и полудневен престој, згрижување, работно-производна активност и работна терапија.

Член 127

Установата од член 123 на овој закон, може да ги врши и работите од членовите 125 и 126 на овој закон.

**с) Установа за сместување на лица баратели на право на азил**

Член 128

Установата за сместување на лица баратели на право на азил, обезбедува сместување, исхрана, културно-забавни и рекреативни активности, услуги на социјална работа и други услуги, согласно со минимумот на стандардите за прифат на баратели на азил, утврдени со меѓународни акти, ратификувани согласно со Уставот на Република Македонија.

**5. Установа за проучување на социјалните појави и проблеми и унапредување на социјалните дејности**

Член 129

Установата за проучување на социјалните појави и проблеми и унапредување на социјалните дејности, ги следи и проучува социјалните појави и проблеми во областа на социјалната заштита и социјалната работа; предлага и спроведува мерки за унапредувањето на социјалната заштита и социјалната работа; укажува стручна помош на установите за социјална заштита и на работниците во нив; организира и спроведува облици на едукација на стручните работници во областа на социјалната заштита; соработува со Бирото за развој на образованито и Центарот за стручно образование и обука за изготвување на програми за воспитание и оспособување за работно-производна активност на лица со умерени, тешки i dlaboki пречки во менталниот развој; дава стручно мислење при изготвување програми за развој на социјалната заштита; ги изготвува стандардите и нормативите за работа и кадрите на установите за социјална заштита; изготвува методолошки упатства за работа на стручните лица во установите за социјална заштита; врши надзор над стручната работа на установите за социјална заштита и вработените во нив; врши статистичка обработка на податоците од евиденцијата што ја водат установите за социјална заштита; остварува стручно-научна соработка со поединци и институции во земјата и странство и спроведува издавачка дејност.

Установата од став 1 на овој член, донесува Програма за својата работа, усогласена со приоритетите содржани во Програмата на Министерството.

Установата од став 1 на овој член за својата работа и за спроведувањето

на Програмата од став 2 на овој член, поднесува годишен извештај до Министерството.

Установата од став 1 на овој член ја основа Владата како Завод за социјални дејности со статус на јавна установа.

Одредбите од овој закон кои се однесуваат на основањето, организирањето, управувањето, раководењето и престанокот на јавната установа се применуваат и на Заводот за социјалните дејности.

Член 130

Заводот за социјални дејности дава и одзема лиценци за работа на стручни лица во установите за социјална заштита, води регистар на издадени и одземени лиценци и спроведува континуирана едукација на стручните лица во постапката за давање на лиценци.

За издавањето и одземањето на лиценци за работа на стручни лице во установите за социјална заштита, проверка на стручното знаење и водењето на регистар за издадени и одземени лиценци, Заводот за социјални дејности формира Комисија за лиценцирање, составена од претставници на Заводот за социјални дејности, Министерството, Институт за социјална работа и социјална политика, други соодветни факултети и институции, по претходна согласност на министерот.

Против одлуката на Комисијата за лиценцирање од став 2 на овој член, за издадена односно одземена лиценца за работа, може да се изјави жалба до министерот.

Член 131

Комисијата за лиценцирање донесува програма и деловник за работа.

Комисијата за лиценцирање донесува Кодекс за стручните лица во установите за социјална заштита.

Трошокот за издавање на лиценцата за работа е на товар на стручното лице.

Министерот со општ акт поблиску ги уредува условите, начинот и постапката за издавање, продолжување, обновување и одземање на лиценцата за работа на стручните лица во установите за социјална заштита, висината на трошокот за издавање на лиценца, формата, содржината и образецот на лиценцата за работа.

## 6. Видови на установи за социјална заштита за вонинституционална заштита

Член 132

Установи за социјална заштита за вонинституционална заштита се:

- Центар за социјална работа;
- Дневен центар и клубови за стари и возрасни лица;
- Дневен центар за улични деца -деца на улица;
- Дневен центар за лица кои употребуваат, односно злоупотребуваат дроги и други психотропни супстанции и прекурзори;
- Дневен центар за лица кои злоупотребуваат алкохол или се лекуваат од

зависност од алкохол;

- Центар за лица бездомници;
- Центар за лица - жртви на семејно насилство;
- Центар за лица- жртви на трговија со луѓе;
- Дневен центар за лица со ментална или телесна попреченост;
- Центар за давање помош во домашни услови;
- мал групен дом и
- советувалиште.

## Центар за социјална работа

Член 133

Центарот се основа како јавна установа за социјална заштита со јавни овластувања заради вршење на работите од социјалната заштита.

Центарот може да се основа, ако се исполнети општите услови за основање на јавна установа за социјална заштита од член 89 став 1 на овој закон и задолжително ги има најмалку следниве основни образовни профили: социјален работник, психолог, педагог и правник.

Лицата со образовен профил од став 2 на овој член, треба да имаат најмалку високо образование и лиценца за работа согласно со овој закон.

Центарот може да се основа за подрачјето на една или повеќе општини.

Член 134

Од делокругот на јавните овластувања центарот ги врши следниве работи:

- решава за правата од социјална заштита, утврдени со овој закон;
- решава за правата утврдени со Законот за заштита на децата, и тоа: детски додаток, посебен додаток, еднократна парична помош за новороденче и родителски додаток за дете;
- решава за парична помош на лица со признаен статус на бегалец и под супсидијарна заштита, утврдени со Законот за азил и привремена заштита;
- решава за работите утврдени со семејно-правните прописи;
- постапува по работите од својата надлежност утврдени со кривично-правните прописи;
- води евиденција и прибира документација за корисниците на социјалната и семејно-правната заштита за применетите облици на социјална заштита и
- врши и други работи утврдени со закон.

Член 135

При спроведувањето на социјалната заштита, како и стручната работа, центарот:

- открива, следи и проучува социјални појави и проблеми;
- врши непосреден увид заради утврдување на фактичката состојба на лицето или семејството;
- поттикнува и презема превентивни дејствија од член 24 и 25 на овој закон во спречување и отстранување на причините за настанување на положба од социјален ризик;
- изготвува планови и програми за социјална заштита ;
- применува и спроведува соодветни облици и форми на социјална заштита

и непосредно помага на граѓанин или семејство;

- развива и спроведува вонинституционални облици на социјална заштита ;

- поднесува извештај до Министерството за работите утврдени со член 134 на овој закон;

- применува и спроведува програми и други општи акти од областа на социјалната заштита, донесени и финансирани од општината, Градот Скопје и општините во градот Скопје;

- поттикнува, организира и координира волонтерски активности на граѓани, нивни здруженија, хуманитарни организации, организации во спроведување на програми за социјална заштита на подрачјето на општината, Градот Скопје и општините во градот Скопје и

- врши и други работи утврдени со закон.

Член 136

Во остварувањето на функциите утврдени со овој закон и со другите прописи центарот работи со граѓанин (дете, адолесцент, возрасно лице) и семејство и група на граѓани.

Работејќи со граѓанинот и семејството, центарот помага во разрешувањето на животните тешкотии и проблеми во индивидуалното живеење, партнерските односи, предбрачните и брачните односи, односите родители и деца, укажува помош на семејството во остварувањето на неговата заштитна, воспитна и репродуктивна функција, поттикнува сакано и одговорно родителство и планирање на семејството, заштита на лица-жртви на семејно насилство и жртви на трговија со луѓе, дава други советодавни и советувалишни услуги за прашања од значење за развојот и социјализацијата на личноста и остварувањето и унапредувањето на односите во семејството.

Во услови на елементарни непогоди и други вонредни околности, центарот се ангажира во спроведувањето на социјалната заштита и стручната работа за заштита на лица или групи на граѓани, кои имаат потреба од тоа.

Член 137

Функциите утврдени во овој закон и други прописи, центарот ги врши со формите на стручна, советодавна, советувалишна и интердисциплинарна тимска работа.

Член 138

На стручниот работник од центарот му се издава легитимација како службена исправа со која го докажува службеното својство, идентитетот и овластувањето за преземање работи од областа на социјалната заштита утврдени со овој и друг закон.

Легитимацијата од ставот 1 на овој член ја издава центарот.

Центарот води евиденција за издадените легитимации на стручните работници.

Министерот ја пропишува формата и содржината на образецот на легитимацијата од ставот 1 на овој член, начинот на нејзиното издавање и одземање, употребата и водењето на евиденција на издадените легитимации.

### Дневен центар и клубови за стари и возрасни лица

Член 139

Дневниот центар и клубот за стари и возрасни лица вршат услуги од социјална заштита во вид на дневен престој, исхрана, лична хигиена, како и организирање на работни, културни, забавни и други активности.

Установата од став 1 на овој член, може одделни услуги од својата дејност да ги врши во домот на корисникот.

### Дневен центар за улични деца -деца на улица

Член 140

Дневниот центар за улични деца-деца на улица на овие деца и на членовите на нивните семејства им обезбедува лична хигиена, исхрана, воспитно-едукативни услуги, советувалишна работа, културно-забавни и рекреативни активности.

### Дневен центар за лица кои употребуваат, односно злоупотребуваат droги и други психотропни супстанции и прекурзори

Член 141

Дневниот центар за лица кои употребуваат, односно злоупотребуваат дроги и други психотропни супстаниции и прекурзори на овие лица и на членовите на нивните семејства им обезбедува советодавни услуги, услуги на информирање и едукација, работно ангажирање, културно-забавни и рекреативни активности.

### Дневен центар за лица кои злоупотребуваат алкохол или се лекуваат од зависност од алкохол

Член 142

Дневниот центар за лица кои злоупотребуваат алкохол или се лекуваат од зависност од алкохол на овие лица и на членовите на нивните семејства им обезбедува услуги преку едукација, советување, работно ангажирање и културно-забавни активности.

### Центар за лица бездомници

Член 143

Центарот за лица бездомници, обезбедува дневно и привремено прифаќање и згрижување на овие лица преку давање советодавни услуги, услуги во врска со исхрана, дневен престој, одржување на хигиена и културно-забавни активности.

**Центар за лица - жртви на семејно насилство**

Член 144

Центарот за лица - жртви на семејно насилство, обезбедува дневно и привремено прифаќање и згрижување на овие лица, кое може да трае најмногу три месеци со можност за продолжување за уште три месеци, давање советодавни услуги, услуги во врска со исхрана, дневен престој, згрижување, одржување на хигиена и културно-забавни активности.

По исклучок од став 1 на овој член, за специфични случаи по проценка на центарот за социјална работа, сместувањето во центарот за лица - жртви на семејно насилство може да продолжи најмногу за уште шест месеци.

**Центар за лица- жртви на трговија со луѓе**

Член 145

Центарот за лица - жртви на трговија со луѓе обезбедува привремено прифаќање и згрижување на овие лица, кое може да трае најмногу шест месеци, давање советодавни услуги, услуги во врска со исхрана, дневен престој, згрижување, одржување на хигиена и културно-забавни активности.

Обезбедувањето на центарот за лица-жртви на трговија со луѓе го врши Министерството за внатрешни работи.

**Дневен центар за лица со ментална**
**или телесна попреченост**

Член 146

Дневниот центар за лицата со умерени и тешки пречки во менталниот развој и на лицата со тешки пречки во телесниот развој им обезбедува дневно згрижување, работно-производна активност, работна терапија и други активности на овие лица и може да врши оспособување за работно-производна активност, заради нивно вклучување во секојдневниот живот.

**Центар за давање помош**
**во домашни услови**

Член 147

Центарот за давање помош во домашни услови, обезбедува на лица со умерена, тешка и длабока ментална попреченост изнемоштени стари и други возрасни лица услуги во вид на исхрана, лична хигиена, хигиена на станот и други работи во домот на корисникот.

Член 148

Дневен центар од членовите 139,140,141, 142 и 146 на овој закон и центар од член 143, 144, 145 и 147 на овој закон може да се основа како јавна или

приватна установа за социјална заштита, а може да се основа и како организационен дел на установа за социјална заштита или на друго правно лице.

**Мал групен дом**

Член 149

Мал групен дом, обезбедува грижа за лицата од член 39 на овој закон, а најмногу до десет лица, од двата пола.

Грижата од став 1 на овој член се обезбедува на начин најблизок до семејното живеење и опфаќа помош за оспособување за самостојно живеење на корисниците, нивно вклучување во општествената заедница, одржување на контакти со блиски сродници, во зависност од потребите на лицата што се сместени во малиот групен дом.

Член 150

Мал групен дом може да се основа во еден станбен објект во населено место.

Мал групен дом може да се основа како установа за социјална заштита, организационен дел на установа за социјална заштита или друго правно лице.

Начинот, видот и бројот на стручните лице за давање на грижата за сместените лица, просторните услови и опремата за живеење во мал групен дом, со акт ги утврдува министерот.

**Советувалиште**

Член 151

Советувалиште обезбедува психо-социјални услуги и психо-социјален третман за секоја одделна група на корисници и тоа:

- жртви на семејно насилство;
- извршители на семејно насилство;
- со нарушени партнерски, семејни и односи родители-деца;
- деца и младинци со воспитно-социјални проблеми и
- идни родители.
- лица со ментална попреченост и нивните родители

Поради специфичноста на потребата за обезбедување на психо-социјални услуги и психо-социјален третман за корисниците на советувалиштата од став 1 на овој член, за секое одделено советувалиште се подготвува посебна програма.

Програмата за советувалиштна работа ја подготвуваат стручни лица кои имаат најмалку стручни знаења и искуство од соодветна област, предвидени со нормативите и стандардите за работа за секое од советувалиштата од став 1 на овој член.

Советувалиште може да се основа како посебна установа за социјална заштита или како организациона единица на установа или друго правно лице.

Советувалишни услуги може да обезбедува и физичко лице и здружение на

граѓани.

## V. Глава

## ВРШЕЊЕ РАБОТИ ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА ОД ДРУГИ ПРАВНИ И ФИЗИЧКИ ЛИЦА

### 1.Здружение на граѓани

Член 152

Здружение на граѓани (во натамошниот текст: здружение) може да врши одредени работи од социјална заштита утврдени со овој закон, доколку е регистрирано за остварување на цели и задачи од областа на социјалната заштита.

Како цели и задачи од областа на социјалната заштита се сметаат:

- социјална превенција;
- развој и обезбедување на услуги од социјалната заштита на лица, семејства и групи на граѓани изложени на социјален ризик;
- развој и унапредување на социјалната заштита и
- развој и унапредување на волонтерската работа во општината.

Член 153

Министерството води регистар на здруженијата од областа на социјалната заштита (во натамошниот текст: регистар) од членот 152 на овој закон.

Министерот ја пропишува формата и содржината на регистарот, како и начинот на водење на регистарот од ставот 1 на овој член.

Здружението поднесува барање до Министерството за впишување во регистарот од ставот 1 на овој член и ги доставува следниве документи:

- решение за упис во Централен регистар:
- статут на здружението на граѓани;
- програма за работа и
- други документи утврдени со членот 154 од овој закон.

Член 154

Во регистарот се впишува здружението, кое покрај условите предвидени со Законот за здруженијата на граѓани и фондациите и членот 153 на овој закон, ги исполнува и следниве услови:

- да има активно работење во областа на социјалната заштита или социјална политика најмалку три години од денот на основањето;
- да има реализирано најмалку три проекти од областа на социјалната заштита или социјална политика ;

- да има соодветен простор за работа и кадровски услови, согласно со овој закон;

- да има доказ за економско и финансиско работење врз основа на скратен сметководствен исказ од годишна сметка и

- да има потврда од Управата за јавни приходи за платени даноци и други јавни давачки.

Член 155

Министерот формира Комисија за соработка со здруженија на граѓани, составена од три члена, која го разгледува барањето на здружението за упис во регистарот, врши увид заради утврдување на исполнување на пропишаните услови и изготвува мислење.

Членовите на Комисијата од став 1 на овој член треба да се афирмирани стручни лица и да имаат најмалку три години работно искуство од областа на социјалната заштита .

Комисијата за начинот на својата работа донесува деловник.

Министерот врз основа на мислењето на Комисијата од ставот 1 на овој член, донесува решение за впишување на здружението во регистарот.

Против решението од ставот 4 на овој член, може да се изјави жалба до Комисијата на Владата.

Конечното решение за впишување во регистарот се објавува во "Службен весник на Република Македонија".

Член 156

Здружението се брише од регистарот:

- на барање на здружението;

- во случај здружението да престане со работа;

- во случај здружението да не ги исполнува условите пропишани со овој закон и

- во случај да не ги користи или ги злоупотреби доделените финансиски средства од Министерството за вршење на одредени работи на социјална заштита, согласно со овој закон.

Министерот донесува решение за бришење на здружението од регистарот во случаите утврдени во ставот 1 на овој член.

Против решението од ставот 2 на овој член може да се изјави жалба до Комисијата на Владата.

Конечното решение од ставот 2 на овој член се објавува во "Службен весник на Република Македонија".

Член 157

Здружението од членот 152 на овој закон, на начин и под услови утврдени со овој закон, може да ги врши следниве работи од социјална заштита, освен работите кои како јавно овластување со закон се доверени на центарот:

- истражување на социјални појави;

- социјална превенција;

- едукација, советување и стручна подготовка за лица изложени на социјален ризик;

- социјални услуги на лица, семејства и групи на граѓани изложени на социјален ризик;

- советување и обука на волонтери;

- домашна нега и помош на поединец и семејство;

- дневно и привремено прифаќање и згрижување на корисници на социјална заштита во дневен центар од член 139,140,141, 142 и 146 на овој закон и центар од член 143, 144, 145 и 147 од овој закон;

- развој и унапредување на волонтерската работа во општината;

- развој и унапредување на социјалната заштита во доменот на своето работење;

- самостојно живеење со поддршка и

- обезбедување на мерки за заштита на лица-жртви на семејно насилство, согласно со Законот за семејството.

Член 158

Министерството учествува во обезбедувањето на дел од средствата за вршење на одредени работи од социјална заштита на здружението, на начин и под услови утврдени со овој закон.

Средствата од ставот 1 на овој член, се доделуваат врз основа на објавен јавен конкурс.

Во јавниот конкурс се наведува видот на одредените работи од социјална заштита од членот 157 на овој закон за кои се доделуваат средствата, висината на средствата кои се доделуваат, потребните документи кои се поднесуваат, роковите за спроведување на постапката по јавниот конкурс и временскиот период во кој ќе се извршуваат работите од социјалната заштита.

Член 159

Постапката околу распишувањето и спроведувањето на јавниот конкурс од членот 158 на овој закон, ја врши Комисија за соработка со здруженија на граѓани.

Комисијата од ставот 1 на овој член ги разгледува пријавите по јавниот конкурс и во рок од 30 дена по истекот на рокот за поднесување на пријавите изготвува мислење до министерот, врз основа на начин и постапка утврдени во актот од член 162 на овој закон.

Врз основа на мислењето на Комисијата од ставот 2 на овој член, министерот донесува решение за доделување на средства.

Против решението од ставот 3 на овој член може да се изјави жалба во рок од осум дена од приемот на решението до Комисијата на Владата.

Член 160

Министерот склучува договор со здружението, во рок од 15 дена по конечноста на решението од член 159 став 3 на овој закон, со кој се уредуваат меѓусебните права, обврски и одговорности во реализацијата на доделените средства и обврската на здружението да го известува Министерството за реализацијата на работата од обласа на социјалната заштита и трошењето на

доделените средства.

Член 161

Министерството врши контрола над здружението во реализацијата на одредената работа од областа на социјалната заштита за која доделило средства.

Ако се утврди дека здружението, добиените средства за реализација на работата од областа на социјалната заштита ги троши ненаменски или определената работа од социјална заштита не ја врши согласно со јавниот конкурс од членот 158 на овој закон или не започнало со реализацијата на одредената работа во предвидениот рок, Министерството го прекинува натамошното обезбедување на средства на здружението, го раскинува договорот од член 160 на овој закон и покренува постапка за враќање на веќе доделените средства и надомест на штета.

Член 162

Министерот го пропишува начинот и постапката за доделување на средства на здружението за вршење на одредени работи од областа на социјалната заштита.

**2. Хуманитарни здруженија, здруженија на граѓани, верски заедниции и нивни здруженија, религиозни групи и други непрофитни организации**

Член 163

Хуманитарни здруженија, здруженија на граѓани, верски заедници и нивни здруженија, религиозни групи и други непрофитни организации, можат да даваат одредени услуги на лица кои се наоѓаат во социјален ризик и на кои им е потребна помош, доколку имаат претходна согласност .

Член 164

Согласноста за давање на услуги од доменот на социјалната заштита од член 163 на овој закон, на барање на хуманитарни здруженија, здруженија на граѓани, верски заедници и религиозни групи и други непрофитни организации, ја дава министерот по дадено мислење на комисијата од член 159 на овој закон.

Во согласноста, министерот поблиску ги определува видот и обемот на услугите за кои ќе се даваат на граѓаните, кои имаат потреба од помош и подршка, како и времето за кое се дава согласноста.

**3. Физичко лице**

Член 165

Физичко лице може самостојно да врши работи од социјална заштита како професионална дејност, кои се однесуваат на советувалишна работа, домашна нега и помош на поединец и семејство и сместување лице во згрижувачко семејство, доколку ги исполнува следниве услови:

- да има соодветно стручно образование;
- да не му е одземена или ограничена деловната способност;

- да не му е одземено вршењето на родителското право;
- да има здравствена способност за вршење на дејноста и
- да располага со соодветен простор и опрема за работа.

Член 166

Физичкото лице може да врши советувалишни работи утврдени со овој закон и Законот за семејството, освен работите кои како јавно овластување се доверени на центарот, доколку има високо образование од следниве образовни профили: социјален работник, психолог, педагог, правник, лекар и дефектолог и најмалку пет години работно искуство на исти или слични работи.

Советувалиште може да основаат едно или повеќе физички лица како сооснивачи, кои ги исполнуваат условите од ставот 1 на овој член.

Член 167

Физичко лице може да врши работи на домашна нега и помош на поединец и семејство, доколку има најмалку средно образование, а за таа намена може да вработи до три лица.

Член 168

Физичко лице може да врши работи на згрижување лице во згрижувачко семејство, доколку ги исполнува условите од членот 33 став  2 на овој закон и да има најмалку средно образование.

Член 169

Барањето за вршење на работите од членот 165 на овој закон се поднесува до месно надлежниот центар.

Центарот  во соработка со Заводот за социјални дејности, во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на барањето од став 1 на овој член изготвува мислење за можностите и просторот за самостојно вршење на работи од социјална заштита како професионална дејност и го доставува до Министерството заедно со барањето и приложените докази од член 165 на овој закон.

Министерот врз основа на мислењето на центарот и приложената документација, на подносителот на барањето со решение му издава дозвола за вршење на работите од членот 165 на овој закон.

Против решението од ставот 3 на овој член може да се изјави жалба до Комисијата на Владата.

Во случај на проширување или промена на дејноста на работата, се применуваат ставовите 1, 2, 3 и 4 од овој член.

Член 170

Врз основа на решението донесено од министерот, месно надлежниот центар склучува договор со физичкото лице кое самостојно врши работи од социјална заштита како професионална дејност, со кој поблиску се уредуваат начинот, видот и обемот на услугите кои им се обезбедуваат на корисниците на социјална заштита, упатени преку центарот.

Со договорот од ставот 1 на овој член се уредува начинот и висината на средствата за дадените услуги на корисниците, упатени со решение на центарот.

Член 171

Физичко лице кое самостојно врши советувалишни работи, работи на домашна нега и помош на поединец и семејство и сместување во згрижувачко семејство како професионална дејност, должно е за почетокот на работата да го извести надлежниот центар на чие подрачје работи.

Лицето од ставот 1 на овој член, во своето име под кое работи ги наведува податоците за личното име, адресата и видот на дејноста.

Член 172

Министерството води евиденција на физичките лица на кои им е издадена дозвола за самостојно вршење на професионална дејност од членот 165 на овој закон.

Содржината и начинот на водење на евиденцијата од ставот 1 на овој член ги пропишува министерот.

Член 173

Физичкото лице кое самостојно врши работа од социјална заштита како професионална дејност должно е:

- да ги дава услугите на корисникот согласно со решението на центарот;
- во вршењето на работите од социјална заштита согласно со членот 165 од овој закон да применува методи на стручна работа, да ја почитува личноста на корисникот, неговото достоинство и неповредливоста на личниот и семејниот живот и да ја чува службената и професионалната тајна;
- да води евиденција на корисниците и дадените услуги и
- да доставува шестмесечен и годишен извештај за својата работа до Министерството.

Министерот ги пропишува содржината и начинот на водење на евиденцијата од ставот 1 алинеја 3 на овој член.

Член 174

Дозволата за самостојно вршење на работи од социјална заштита како професионална дејност престанува да важи:

- по барање на физичкото лице;
- ако престане да ги исполнува условите утврдени со закон и
- со решение на министерот.

Член 175

Министерот, на барање на физичкото лице, донесува решение за престанок на важењето на дозволата за самостојно вршење на работи од социјална заштита како професионална дејност.

Барањето од став 1 на овој член се поднесува во рок од два месеца пред престанокот на вршење на самостојно вршење на работи од социјална заштита како професионална дејност.

Против решението од ставот 1 на овој член може да се изјави жалба до Комисијата на Владата.

Конечното решение од ставот 1 на овој член се доставува до Централниот регистар на Република Македонија заради бришење од соодветниот регистар.

Член 176

Дозволата на физичкото лице за самостојно вршење на работи од социјална заштита како професионална дејност престанува да важи по сила на закон, ако:

- лицето почине;
- со правосилно решение на надлежен суд му е одземена или ограничена деловната способност;
- со правосилно решение на надлежен суд му е одземено вршењето на родителското право;
- со правосилна судска пресуда е осуден за кривично дело на казна затвор над шест месеци или му е изречена санкција за забрана за вршење на професија, дејност или должност, како и за кривично дело сторено во вршење или во врска со вршење на дејноста и
- ја загуби општата здравствена состојба или посебната здравствена состојба за вршење на дејноста.

Министерот донесува решение за престанокот на важењето на дозволата на физичко лице за самостојно вршење на работи од социјална заштита како професионална дејност во случаите наведени во ставот 1 на овој член.

Против решението од ставот 2 на овој член може да се изјави жалба до Комисијата на Владата.

Конечното решение од ставот 2 на овој член се доставува до Централниот регистар на Република Македонија заради бришење од соодветниот регистар.

Член 177

Министерот донесува решение за престанок на важењето на дозволата за самостојно вршење на работи од социјална заштита како професионална дејност, ако:

- физичкото лице во определениот рок не ги отстрани констатираните недостатоци во вршењето на работата, утврдени со надзорот над законитоста на работата и надзорот над стручната работа;
- физичкото лице на кое му е издадена дозволата за вршење на работи од социјалната заштита истите не ги извршува лично или ако користи работа на други лица спротивно на дозволата и
- физичкото лице на кое му е издадена дозволата престане со работа без претходно да го извести Министерството и центарот, во рок од 8 дена по престанокот со работа.

Против решението од ставот 1 на овој член може да се изјави жалба до Комисијата на Владата.

Конечното решение од ставот 1 на овој член се доставува до Централниот регистар на Република Македонија заради бришење од соодветниот регистар.

Член 178

Физичкото лице кое самостојно врши работи од социјална заштита како

професионална дејност, може привремено да престане да ги врши работите поради болест или други оправдани причини.

За привремениот престанок на вршењето на работите, лицето мора веднаш по настанување на причината за престанокот на вршењето на работи од социјална заштита како професионална дејност да го извести Министерството и центарот.

Член 179

Физичко лице кое самостојно врши работи од социјална заштита како професионална дејност од членот 165 согласно со одредбите на овој закон остварува приходи:

- од наплата на услуги од корисниците;
- врз основа на склучен договор со центарот и
- од подароци, наследство и легати.

Центарот за социјална работа на почетокот на годината објавува јавен повик за склучување договори со физички лица кои самостојно вршат работи од социјалната заштита на територијата на која е месно надлежен.

Член 180

Министерот може да го овласти центарот да склучи договор со соодветно советувалиште основано по друг закон, кое врши советувалишни работи од областа на социјалната заштита.

## VI. Глава

## ПОСТАПКА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВА ОД СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

### 1. Постапка за социјална заштита

Член 181

По барањето за остварување на право од социјална заштита во прв степен решава центарот надлежен за подрачјето на кое подносителот на барањето има живеалиште.

По жалбата против решението на центарот решава министерот.

Жалбата не го одложува извршувањето на решението.

Член 182

Постапката за остварување на право од социјална заштита се поведува по барање на граѓанинот, односно неговиот законски застапник, старател или по службена должност.

Центарот постапката по службена должност ја поведува по сопствена иницијатива, по иницијатива на граѓанин, надлежен орган или други органи и организации, кога тоа е во интерес на граѓанинот или кога постои интерес на трети лица.

Член 183

Центарот во текот на постапката за остварување на права од социјална заштита изготвува план за индивидуална работа со корисникот.

Во планот за индивидуална работа со корисникот од став 1 на овој член се определуваат целите што се планира да се постигнат и мерките и активностите што се преземаат за помош на корисникот и членовите на неговото семејство, носителите на мерките и времето за нивно спроведување.

При изготвувањето на планот за индивидуална работа со корисникот од став 1 на овој член, центарот соработува со корисникот и членовите на неговото семејство, а по потреба и со други лица и институции.

План за индивидуална работа со корисникот од став 1 на овој член не се изготвува за корисници на парична помош, утврдени со овој закон.

Член 184

Центарот постапката за остварување на права од социјална заштита ја спроведува со интердисциплинарна тимска работа, освен во постапката за остварување на право на парични права од социјална заштита.

Член 185

Како службена документација, која во текот на постапката ја изготвува и по која одлучува центарот, покрај документацијата утврдена со закон, се смета и план за индивидуална работа со корисникот, листа на корисникот, наод и мислење на стручен работник и на стручен тим.

Член 186

По барање на центарот, правните и физичките лица се должни да достават податоци и документација, што претставуваат докази за остварување на правата на корисниците утврдени со овој закон.

Член 187

Пред да одлучува за правата од социјална заштита, центарот на граѓанинот му укажува стручна помош при поднесувањето на барањето и за можноста да остварува права врз основа на други прописи.

Член 188

Во постапката за остварување на правата од социјална заштита се применуваат одредбите на Законот за општа управна постапка, доколку со овој закон не е поинаку определено.

Член 189

Право на парична помош од социјална заштита се остварува од денот на поднесувањето на барањето.

Правото на парична помош од социјална заштита престанува со денот на престанокот на условите за користење на правото.

Член 190

Подносителот на барањето е одговорен за вистинитоста на податоците во барањето

Подносителот на барањето, односно неговиот законски застапник или старател е должен надлежниот центар да го извести за секоја промена на фактите или околностите кои биле основа за признавање на правото од социјална заштита, најдоцна во рок од 15 дена од денот кога настанале тие промени.

Ако подносителот на барањето, односно неговиот законски застапник или старател не постапи согласно со став 1 и 2 на овој член, му престанува правото.

Член 191

Центарот по службена должност повремено, а најмалку еднаш годишно го преиспитува постоењето на фактите и условите за стекнување и користење на правото од социјална заштита и доколку утврди дека истите се променети, донесува ново решение.

Член 192

На подносителот на барањето кој се нашол во положба од социјален ризик надвор од подрачјето на кое има живеалиште, центарот надлежен за тоа подрачје ќе му обезбеди соодветно право на социјална заштита.

За подносителот на барањето кој на територијата на Република Македонија нема живеалиште, месната надлежност се утврдува според престојувалиштето.

За подносителот на барањето со непознато место на живеење, надлежен е центарот на подрачјето на кое лицето се затекнало.

Член 193

Ако подносителот на барањето е малолетно лице, месната надлежност се одредува според живеалиштето, односно престојувалиштето на родителите или старателот.

За малолетното лице чии родители не живеат заедно, месната надлежност се одредува според местото на живеење на родителот на кого детето му е доверено на чување и воспитание.

За малолетното лице чии родители не живеат заедно, а постапката за доверување на детето на чување и воспитување кај еден од родителите не е спроведена, надлежен е центарот на подрачјето на кое детето се нашло во положба од социјален ризик.

Ако родителите на малолетното лице не се познати, односно ако го напуштиле детето или се со непознато живеалиште односно престојувалиште, надлежен е центарот на подрачјето на кое детето се нашло во положба од социјален ризик.

Член 194

Ако околностите врз основа на кои била одредена месната надлежност согласно со овој закон се изменат, постапката ќе ја продолжи месно надлежниот центар.

Ако во текот на постапката или во текот на користење на правото, барателот, односно корисникот на правото од социјална заштита го промени живеалиштето, центарот е должен целокупниот предмет да го достави до

надлежниот центар во новото живеалиште, кој има обврска во рок од 15 дена да одлучи за правата на корисникот.

Член 195

Во случај на судир за месната надлежност, центарот кој ја започнал постапката, должен е до завршувањето на судирот да ги преземе неодложните работи заради непосредна заштита на корисникот.

Судирот од став 1 на овој член го решава Министерството.

Член 196

Центарот издава потврда или уверение за статусот на корисникот на социјална заштита согласно со службената евиденција, во рок од 10 дена од денот на поднесување на барањето.

Член 197

Центарот во постапката за остварување на право на еднократна парична помош, социјална парична помош и парична помош на лице кое до 18 години имало статус на дете без родители и родителска грижа, должен е да донесе решение во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето со потребната документација.

Формата и содржината на обрасците на барањето и потребната документација за остарување на правата од став 1 на овој член, ги пропишува министерот.

Член 198

По истекот на рокот од член 197 став 1 на овој закон, подносителот на барањето во рок од пет дена има право да поднесе барање за донесување решение до директорот на центарот.

Формата и содржината на образецот на барањето од став 1 на овој член, го пропишува министерот.

Директорот на центарот во рок од пет дена од приемот на барањето, донесува решение по барањето од став 1 на овој член со кое ќе констатира дека барањето е уважено, врз основа на кое странката ќе го оствари правото од член 197 став 1 на овој закон.

Решението од став 3 на овој член директорот го донесува откако претходно ќе утврди дека поднесокот не содржи формални недостатоци, сите пропишани документи се доставени, поминал рокот за решавање утврден во член 197 став 1 на овој закон и барањето за донесување на решение е поднесено во рокот и на пропишаниот образец од член 197 став 2 од овој закон и став 2 на овој член,

Кон барањето од став 2 на овој член странката поднесува копија од барањето од член 197 став 2 од овој закон.

## 2. Постапки што се водат во центарот за социјална работа согласно со други прописи

Член 199

Постапката за мирење на брачните другари ја спроведува центарот кој е

месно надлежен на подрачјето на општината, за која е месно надлежен судот пред кој се води постапката за развод на бракот по истиот предмет.

Член 200

Во постапката за мирење, брачните другари се поканувaат да присуствуваат лично, при што е исклучена јавноста и присуството на полномошник.

Член 201

Центарот е должен без одлагање да достави до надлежниот суд писмен извештај за исходот на постапката за мирење.

Член 202

Во постапката за уредување на личните односи на дете со родител со кого не живее заедно, родителите се поканувaат да присуствуваат лично, при што е исклучена јавноста и присуството на полномошник.

Член 203

Центарот врз основа на наод и мислење од стручен орган донесува решение за видот и степенот на попреченост и го евидентира лицето со пречки во развојот.

Постапката за утврдување на видот и степенот на попреченост се уредува со правилник за оценка на видот и степенот на попреченост на лицата во менталниот или телесниот развој, што со акт го определува министерот, во согласност со министерот за образование и наука и министерот за здравство

Трошоците за постапката за добивање на наод и мислење за оцена на видот и степенот на попреченост паѓаат на товар на центарот за социјална работа, доколку не се на товар на фондот за здравствено осигурување.

Со правилникот од став 2 на овој член се уредува стручниот профил на членовите на стручниот орган што дава наод и мислење за оцена на видот и степенот на попреченост и посебните потреби на лица со пречки во развојот, на првостепениот и на второстепениот орган, начинот и постапката за оценување на посебните потреби, водењето на евиденцијата за посебните потреби за овие лица и установите што формираат стручни органи кои даваат наод и мислење.

Член 204

Во случаите кога полнолетно лице кое има имот или приход од имот, кој ја надминува висината на постојаната парична помош и поднело барање за остварување на право за сместување во установа за социјална заштита, центарот со лицето може да склучи договор за доживотно издржување согласно со закон, а по претходна согласност на Министерството.

На барање на лицето од став 1 на овој член центарот може повремено да го смести и во згрижувачко семејство.

Член 205

Центарот за социјална работа може да основа фондација со цел имотот

стекнат по основа на склучен договор за доживотно издржување или друга основа, да се користи за остварување на социјална заштита на граѓаните во општината и во Градот Скопје, за чие подрачје е надлежен центарот за социјална работа.

Управниот одбор на фондацијата од ставот 1 на овој член го сочинуваат три члена од кои два претставника од центарот за социјална работа и еден претставник именуван од советот на општината и Советот на Градот Скопје на чие подрачје е седиштето на центарот за социјална работа.

Основањето, раководењето, управувањето и постапката за надзор над работењето на фондацијата се уредуваат согласно со закон.

Член 206

Ако старо, немоќно, неспособно, инвалидно и малолетно лице има член на семејство кој не го издржува ова лице, а кој согласно со Законот за семејството е должен да го издржува, центарот на лицето ќе му обезбеди право од социјална заштита, доколку ги исполнува условите утврдени со овој закон.

Центарот поднесува тужба до судот за надоместок на трошоците за оствареното право од социјална заштита против членот на семејството од став 1 на овој член.

Член 207

Постапката во остварување право од социјална заштита, семејно-правната заштита и надлежноста утврдена со кривично-правните прописи, како и фактите и податоците утврдени во овие постапки кои можат да му наштетат на угледот, достоинството и интересите на граѓанинот и неговото семејство се заштитени со обврската на установата и на стручните работници во неа, да чуваат професионална и службена тајна, согласно со закон.

Член 208

Во поглед на постапките за преземање на мерки за заштита и згрижување на лица жртви на семејно насилство, на лица жртви на трговија со луѓе, центарот постапува согласно со овластувањата со другите прописи.

## VII. Глава

## ВРАЌАЊЕ НА НЕОСНОВАНО ПРИМЕНИ СРЕДСТВА И НАДОМЕСТ НА ШТЕТА

Член 209

Корисникот, кој со решение на центарот остварил право на сместување во згрижувачко семејство, право од институционална заштита, право на постојана парична помош, право на социјална парична помош и право на паричен надоместок за помош и нега од друго лице и право на надоместок на плата за скратено работно време поради нега на дете со телесни или ментални пречки во развојот, согласно со овој закон, должен е да ги врати примените средства и да ја надомести штетата ако:

- врз основа на нецелосни или неточни податоци, за кои знаел или морал да знае дека се нецелосни или неточни, односно на друг противправен начин остварил право од социјална заштита на кое немал право според одредбите на

овој закон или правото го остварил во повисок износ од износот што му следувал за конкретното право согласно со законот;

- правото од социјална заштита го остварил поради тоа што без оправдани причини не пријавил промена која влијае на престанокот или висината на правото, односно на висината на учеството во трошоците за сместување во установа или згрижувачко семејство, а знаел или морал да знае за таа промена;

- со оттуѓување на својот имот се довел во состојба да може да оствари право од социјална заштита или имотот го оттуѓил за време на користењето на правото.

Член 210

Ако корисникот од член 209 од овој закон умре, центарот има право на враќање на исплатените средства и правото на надомест на штета од наследниците кои ќе го наследат имотот на корисникот на правата од социјална заштита, во висина на нивниот наследен дел ако таков имот има.

Центарот, нема да бара враќање на примените средства и надомест на штета за исплатените средства по основа на права и услуги од социјална заштита, ако со исплатата на овие средства, наследниците на корисникот на правата од социјална заштита и членовите на нивните потесни семејства би останале без минимум средства за егзистенција, пониски од висината на постојаната парична помош утврдена со овој закон.

Член 211

Барањето за враќање на износот на исплатените средства од членовите 209 и 210 од овој закон, се однесува само на доспеани исплатени побарувања во вкупен износ пресметан од денот на исплатата на средствата остварени на противправен начин согласно со член 209 од овој закон, до денот на доспеаноста на побарувањето, заедно со законски пресметана камата.

Член 212

Барањето за враќање на износот на исплатените средства и барањето за надомест на штета застарува со истекот на роковите предвидени во Законот за облигационите односи.

Роковите на застареност за барање за враќање на износот на исплатените средства и за барањето за надомест на штета согласно со овој закон почнуваат да течат:

- за случаите од член 209 став 1 алинеја 1 и 2 од овој закон, од денот кој е утврден со конечното решение дека корисникот го стекнал правото на социјална заштита на противправен начин;

- во случаите од член 209 став 1 алинеја 3 од овој закон, од денот кој е утврден со конечно решение дека корисникот на правото од социјална заштита го оттуѓил имотот;

- во случаите од член 210 став 1 од овој закон, од денот на правосилноста на решението за прогласување на наследници на корисникот на правата од социјална заштита.

Член 213

Центарот кога ќе утврди дека корисникот остварил право од социјална заштита на начин утврден во член 209 од овој закон, ќе донесе решение со кое на корисникот ќе му престане правото од социјална заштита.

Кога решението на центарот, со кое на корисникот му престанува правото од социјална заштита ќе стане конечно, центарот ќе го повика корисникот на правото од социјална заштита да се спогодат за износот, начинот и рокот за враќање на примените средства, како и за висината на причинетата штета која тој треба да ја надомести.

Ако корисникот на правото од социјална заштита и центарот не се спогодат, центарот ќе поднесе тужба до надлежниот суд за враќање на примените средства и правото на надомест на штета.

## VIII. Глава

## ФИНАНСИРАЊЕ

Член 214

Средствата за финансирање на социјалната заштита се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

Средствата за финансирање на социјалната заштита се обезбедуваат и од буџетот на општината, на Градот Скопје и на општините во градот Скопје, во согласност со одредбите на овој закон.

Член 215

Средствата за финансирање на социјалната заштита се обезбедуваат и од учество на корисникот и лицата кои се должни да го издржуваат врз основа на други прописи, преку наплаќање на услуги, подароци, легати и други извори согласно со закон.

Средствата добиени по основа на подарок и легат се водат на посебна сметка на даропримателот и легатарот, што се отвора согласно со закон.

Наплаќањето на услугите од корисникот и лицата од став 1 на овој член се врши во зависност од видот на услугите кои се користат и материјалните можности на корисникот и неговото семејство.

Видот и обемот на услугите кои се плаќаат од страна на корисниците и висината на учеството во трошоците на корисниците и лицата од став 1 на овој член ги утврдува министерот.

Со средствата од став 2 на овој член управува и располага даропримателот и легатарот.

Член 216

Средствата од Буџетот на Република Македонија за финансирање на социјалната заштита се обезбедуваат врз основа на годишната Програма за остварување на социјалната заштита од член 4 став 2 на овој закон.

Член 217

Со средствата од членот 214 став 1 и членот 216 на овој закон се финансираат:

1) правата од социјалната заштита утврдени со овој закон;

2) дејноста на установите за социјална заштита согласно со Програмата за работа и

3) тековно одржување, изградба и опремување на објектите за социјална заштита.

Член 218

Во Програмата за работа на установата за социјална заштита се утврдува видот, обемот, содржината и квалитетот на услугите кои им се даваат на корисниците, односно дејноста која се врши во установата при спроведувањето на социјалната заштита.

За извршувањето на Програмата од став 1 на овој член, јавната установа за социјална заштита основана од Владата го утврдува обемот на потребните средства и тоа за:

- правата од социјална заштита кои се остваруваат во установата за социјална заштита, во вид и обем утврдени со овој закон;
- платите, врз основа на закон и колективен договор;
- амортизација согласно со закон;
- материјални трошоци;
- тековно одржување, изградба и опремување и
- со закон утврдени обврски на установата.

Министерот ги одобрува средствата на јавната установа за социјална заштита за остварувње на Програмата за работа од ставот 2 на овој член.

Член 219

Надлежниот центар за социјална работа е должен најдоцна до 5-ти во месецот да достави до Министерството, извештај за користењето на средствата за последниот месец и барање за потребните средства за исплата на правата на парична помош од социјална заштита за тековниот месец со вкупниот број домаќинства, односно корисници за кои треба да се исплати помошта.

По истекот на секое шестмесечје од годината, центарот за социјална работа изготвува извештај за состојбите од извршениот увид кај домаќинствата во изминатото шестмесечје и го доставува до Министерството.

Член 220

Установата за социјална заштита може да остварува средства и по основа на вршење и на други дејности за унапредување на дејноста на установата.

За користењето на средствата од став 1 на овој член се известува Министерството.

Член 221

Средствата за работа на јавната установа за социјална заштита која ја основа општината, Градот Скопје и општините во градот Скопје ги обезбедува општината, Градот Скопје и општините во градот Скопје.

Од сопствени средства и од други извори општината, Градот Скопје и

општините во градот Скопје може самостојно да финансира и програма за социјална заштита на граѓаните од нивното подрачје над нивото што го обезбедува Републиката.

Член 222

За начинот на користење на средствата за социјална заштита установата за социјална заштита основана од Владата е должна да поднесува тримесечен извештај до Министерството.

Установата од став 1 на овој член е должна да поднесува годишна сметка до Министерството.

Јавната установа за социјална заштита основана од општината, Градот Скопје и општините во градот Скопје поднесува тримесечен извештај и годишна сметка до основачот.

Министерството, секогаш кога ќе оцени дека постојат причини, ќе изврши непосредна контрола на начинот на користење на средствата за социјална заштита во установата за социјална заштита за која обезбедува финансиски средства и ќе наложи мерки за отстранување на согледаните неправилности.

## IX. Глава

## НАДЗОР

Член 223

Надзорот над спроведувањето на одредбите на овој закон го врши Министерството.

Член 224

Во вршењето на надзорот над законитоста на работата, Министерството може да го запре од извршување општиот акт на установата за социјална заштита за кој смета дека не е во согласност со закон.

Член 225

Министерството по правото на надзор од член 223 на овој закон, може да укине конечно решение на центарот, ако утврди дека со него е повреден овој закон.

По укинувањето на решението од став 1 на овој член, центарот е должен веднаш да го запре неговото извршување.

Член 226

Министерството има право и должност да забрани на правно лице, физичко лице и на здружение на граѓани кое врши дејност од областа на социјалната заштита, вршење на дејноста од социјална заштита, ако врз основа на извршениот надзор утврди дека повеќе не се исполнети пропишаните услови за вршење на дејноста или дејноста се врши на штета на корисниците, а констатираните недостатоци правното, физичкото лице и здружението на граѓани не ги отстрани во рокот определен од Министерството.

Врз основа на наод од извршениот надзор над давањето услуги од хуманитарни здруженија, здруженија на граѓани, верски заедници и религиозни групи и нивни здруженија и други непрофитни организации, се констатираат

недостатоци во давањето на усугите од социјална заштита утврдени со овој закон, министерот ја одзема согласноста за давањето на услугите.

Против решението за забрана на вршење на дејноста може да се изјави жалба до Комисијата на Владата, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

Член 227

По конечноста на решението од член 226 на овој закон, Министерството ќе и предложи на Владата да го одземе одобрението од членот 87 став 1 и член 88 став 1 на овој закон, а кога се работи за јавна установа основана од Владата, ќе и предложи донесување на одлука за престанок на јавната установа.

Член 228

Надзорот над работата на органите на општината, на Градот Скопје и на општините во градот Скопје го врши Министерството во рамките на остварувањето на надзорот над спроведувањето на законите и прописите од областа на социјалната заштита.

При вршењето на надзорот над работата на органите на општината, на Градот Скопје и на општините во градот Скопје од ставот 1 на овој член Министерството ги врши следниве работи:

- ја следи законитоста на работата, презема мерки и активности и поднесува иницијативи за остварување на надлежностите на органите на општината, на Градот Скопје и на општините во градот Скопје во согласност со овој закон;

- оценува дали органите на општината, на Градот Скопје и на општините во градот Скопје ги обезбедуваат надлежностите на општината, Градот Скопје и на општините во градот Скопје, да се извршуваат согласно со стандардите и постапките утврдени со овој закон;

- им укажува на органите на општината, на Градот Скопје и на општините во градот Скопје на пречекорувањето на нивните надлежности, утврдени со овој закон и им предлага соодветни мерки за надминување, а по потреба презема мерки од својата надлежност за надминување на таквите состојби;

- дава препораки за доследно спроведување на надлежностите на општината, Градот Скопје и општините во градот Скопје во рамките на овој закон, на нивно барање;

- поднесува иницијативи и предлози до општината, Градот Скопје и општините во градот Скопје, доколку констатира неспроведување на овој закон поради судир на надлежности меѓу органите на општината, на Градот Скопје и на општините во градот Скопје;

- ја следи законитоста на решенијата што градоначалникот на општината, на Градот Скопје и на општините во градот Скопје ги донесува во решавањето на поединечните права, обврски и интереси на физичките и правните лица и презема мерки во согласност со овој закон;

- го следи остварувањето на претходниот надзор на прописите на општината, на Градот Скопје и на општините во градот Скопје и

- навремено ги известува органите на општината, на градот Скопје и на

општините во градот Скопје за констатираните состојби во нивната работа и за преземените мерки при вршењето на надзорот.

Министерството може да ги одземе ингеренциите на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје во случај кога ќе констатира неизвршување на законите и прописите од областа на социјалната заштита, при што определува и рок за отстранување на истите.

## X. Глава

## ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

Член 229

Министерството врши инспекциски надзор над спроведувањето и примената на законите и другите прописи во областа на социјалната заштита над установите за социјална заштита, другите правни и физички лица кои вршат определени работи од социјална заштита како професионална дејност.

Член 230

Инспекцискиот надзор опфаќа:

- надзор над применувањето и спроведувањето на овој и друг закон, како и општите и поединечните акти донесени врз основа на истите, со кои се уредени работите од областа на социјалната заштита,
- надзор над работи од значење за статусот на вршителот на дејноста на социјална заштита,
- надзор над исполнетоста на условите кои се однесуваат на простор, опрема и стручни кадри за вршење на дејност од социјална заштита,
- надзор над остварување на правата и исполнување на обрските на корисниците, утврдени со овој закон,
- надзор над исполнетоста на потребните услови за извршување на работи на стручен или друг работник во установа за социјална заштита, правно или физичко лице кои вршат одредени работи од социјална заштита,
- изготвување на евиденција, документација и извештаи за работата на извршителите на социјалната заштита и
- надзор над спроведување на изречените мерки при претходно извршен инспекцискиот надзор.

Член 231

Инспекцискиот надзор го вршат инспектори и други државни службеници во Министерството, овластени за спроведување на инспекцискиот надзор.

Член 232

Инспектор може да биде лице со висока стручна подготовка и најмалку три години работно искуство на работи во областа на социјалната заштита и да ги исполнува општите условите согласно со Законот за државни службеници.

Член 233

Министерот го назначува и овластува инспекторот во согласност со овој закон.

Член 234

Инспекторот поседува службена легитимација, како службена исправа со која го докажува службеното својство, идентитетот и овластувањето за преземање на работи од инспекцискиот надзор.

Министерот ја пропишува формата и содржината на образецот на легитимацијата од став 1 на овој член, начинот на нејзиното издавање, употреба, одземање и евиденција на издадените и одземените легитимации.

При вршењето на инспекцискиот надзор, инспекторот е должен да ја покаже службената легитимација.

Член 235

Постапката на инспекцискиот надзор, инспекторот ја покренува и води по службена должност, според одредбите на овој закон и Законот за општа управна постапка.

Член 236

Инспекцискиот надзор се врши како редовна или вонредна инспекција.

Редовниот надзор се спроведува врз основа на годишна програма, што ја донесува Министерството.

Вонредниот надзор се спроврдува по службена должност, иницијатива на граѓанин, надлежен орган, други органи и организации и други правни лица, кога постои интерес на граѓанинот, интерес на трети лица или општ интерес.

Член 237

Вонредниот инспекциски надзор нема да се спроведе доколку од иницијативата се констатира дека:

- постапкате не е правосилно завршена;
- претходно по истата работа е извршен инспекциски надзор;
- од приложената документација е очигледно дека постапката е водена во согласност со законските прописи;
- спроведувањето на инспекцискиот надзор е во надлежност на друг инспекциски орган.

Член 238

Пред да започне спроведувањето на вонредниот инспекциски надзор, инспекторот ги презема следниве активности:

-го повикува предлагачот на барањето, односно иницијативата да ги дополни со потребни документи или подетално да ги образложи,

-прави стручна процена и проверка на надлежноста, обврските и одговорностите на установата, другите правни и физички лица кои вршат одредени работи од социјална заштита.

Член 239

Инспекторот го известува раководното лице или другото овластено лице за своето доаѓање во установата за социјална заштита, односно другите правни и физички лица кои вршат одредени работи од социјална заштита.

По исклучок од став 1 на овој член, инспекторот во спроведување на инспекцискиот надзор има право во секое време, без најава и одобрение на

раководното лице да влезе во просториите на установата за социјална заштита и другите правни и физички лица кои вршат одредени работи од социјална заштита.

Член 240

При вршењето на инспекцискиот надзор, инспекторот може да ги разгледа објектот и работните простории, деловните книги, регистрите, евиденцијата и документацијата, исправите и списите во предметите, да ги сослуша корисниците, вработените, како и други лица, да утврди идентитет на лице со увид во лична исправа, привремено да одземе документација, предмети и други списи, да го следи извршувањето на определените мерки за надминување на утврдените неправилности, како и да преземе други работи утврдени и во согласност со овој закон.

Раководното или друго овластено лице во установата за социјална заштита и другите правни и физички лица кои вршат одредени работи од социјална заштита, должни се на инспекторот да му обезбедат непречено извршување на инспекцискиот надзор и да му обезбедат располагање и увид во сите средства и потребна документација.

Член 241

За извршениот инспекциски надзор, констатираната состојба и преземените, односно определените мерки и рокови за отстранување на утврдените неправилности, инспекторот составува записник.

Член 242

Во спроведување на инспекцискиот надзор, инспекторот е овластен со решение да ги определи следниве мерки:

- да нареди отстранување на констатираните недостатоци и неправилности во определен рок;

- да нареди доносителот на решението, истото да го преиспита и да донесе ново решение со кое ќе го замени претходното решение донесено во спротивност со закон или друг пропис;

Во решението со кое се определува мерката, се утврдува и рокот за нејзиното извршување.

Во случај да претстои непосредна опасност за здравјето или животот на граѓаните, инспекторот ќе донесе усно решение и веднаш ќе наложи негово извршување. Усното решение се внесува во записникот од член 241 на овој закон, а писмено решение се донесува во рок од осум дена од денот на изреченото усно решение.

Член 243

Инспекторот, при спроведување на инспекцискиот надзор ги има следниве права и обврски:

-со решение да забрани установата за социјална заштита и другите правни и физички лица кои вршат одредени работи од социјална заштита да спроведуваат мерки и преземаат работи кои се во спротивност со закон и друг пропис;

-да поднесе кривична пријава за сторено кривично дело, барање за поведување на прекршочна постапка или иницијатива за покренување на

дисциплинска постапка, ако најде докази дека со повредата на прописите е сторено кривично дело, прекршок или потешка повреда на службената должност;

Органот на кого му е поднесено барањето или пријавата од ставот 1 алинеја 2 на овој член, должен е својата одлука да ја достави до инспекторот во рок од 15 дена по донесување на одлуката.

Член 244

Против решението од член 242 став 1 и член 243 алинеја 1 од овој закон, може да се изјави жалба до Комисијата на Владата, во рок од осум дена од денот на приемот на решението.

Жалбата не го задржува извршувањето на решението.

По исклучок, извршувањето на решението може да се одложи до конечната одлука по жалбата ако тоа природата на односите го дозволува, ако одлагањето не е спротивно на јавниот интерес и ако со извршувањето на решенијата би настапила штета на субјектот на надзорот или корисниците на неговите услуги.

Предлогот за одложување на извршувањето на решението се изјавува во жалбата.

Член 245

Ако при извршениот инспекцискиот надзор се утврди дека установите за социјална заштита и другите правни и физички лица кои вршат одредени работи од социјална заштита не ги исполнуваат пропишаните услови за работа, прават груба повреда на законот или друг пропис или потешко ги повредуваат правата на корисниците, инспекторот без одлагање го известува министерот.

Ако се констатира дека установата за социјална заштита и другите правни и физички лица кои вршат одредени работи од социјална заштита во определениот рок не ги отстраниле недостатоците утврдени со решението од член 242 став 1 на овој закон, инспекторот е должен без одлагање да го извести министерот.

.

Член 246

Министерот, врз основа на извештајот за извршениот инспекциски надзор, ќе донесе решение за:

- забрана за работа на установа за социјална заштита и друго правно и физичко лице кое врши одредени работи од социјална заштита, ако не добиле одобрение за основање на установа од член 90 на овој закон, односно решение за исполнетост на условите за почеток со работа од член 92 на овој закон и решение за издавање на дозвола за вршење на одредени работи од социјална заштита од член 169 став 3 на овој закон, како и доколку повеќе не ги исполнува условите во поглед на просторот, опремата и стручните кадри пропишани со овој закон и

- преземање на други мерки за кои е овластен со овој или друг закон.

Против решението од став 1 алинеја 1 на овој член може да се изјави жалба до Комисијата на Владата во рок од осум дена од денот на приемот на решението.

**XI. Глава**

## НАДЗОР НАД СТРУЧНАТА РАБОТА

Член 247

Надзорот над стручната работа на установата за социјална заштита и работниците во нив, како и над друго правно и физичко лице кое врши определени работи во социјалната заштита (во натамошниот текст: надзор над стручната работа) врши Заводот за социјални дејности.

Член 248

Во вршењето на надзорот над стручната работа учествуваат стручни работници од областите кои се застапени во дејноста на установата за социјална заштита во која се врши надзорот.

Стручните работници кои вршат надзор на стручната работа не можат да бидат со помал степен на стручна подготовка од степенот на стручната подготовка на работниците врз чија работа се врши надзорот.

Член 249

Назорот над стручната работа се врши заради согледување, следење, контрола, увид и унапредување на начинот и квалитетот на стручната работа и ефикасноста во остварувањето на функциите во установите за социјална заштита утврдени со овој закон и други прописи.

Со надзорот над стручната работа се дава стручна помош во работата на установата за социјална заштита и работниците во неа.

Член 250

Надзор над стручната работа се врши врз основа на Програма за работа на Заводот за социјални дејности и по барање на Министерството.

Член 251

Установите и лицата од член 247 на овој закон се должни да овозможат увид во севкупната работа и документацијата при вршењето на надзорот над стручната работа.

Член 252

За извршениот надзор над стручната работа, Заводот за социјални дејности составува извештај во кој определува мерки и рокови за отстранување на утврдените неправилности и недостатоци.

За извршениот надзор над стручната работа, Заводот за социјални дејности извештајот од став 1 на овој член го доставува:

- до јавната установа;
- до приватната установа и установата што ја основала општината, Градот Скопје и општините во градот Скопје и  до основачот;
- до физичкото лице, кое врши определени работи од социјалната заштита, како професионална дејност и
- до Министерството

Извештајот од став 1 на овој член се доставува во рок од 15 дена.

Член 253

Установата за социјална заштита и лицето кое врши определени работи во социјалната заштита се должни да ги разгледаат наодите во извештајот за извршениот надзор над стручната работа, да преземат соодветни мерки за отстранување на утврдените неправилности и за тоа да го известат Министерството и Заводот за социјални дејности.

## XII. Глава

## ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Член 254

Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на установата за социјална заштита или друго правно лице, ако:

- корисникот на социјална заштита го поставува во нееднаква положба ( член 20);
- не извести за престанок на работа на приватната установа ( член 97);
- физичко лице не води евиденција за корисниците и дадените услуги ( член 173 став 1 алинеја 3) и не извести за привремениот престанок за вршење на работите ( член 178 став 2);
- не донесе решение ( член 198 став 3) ;
- правното лице продолжи со давање на услуги на стари лица и возрасни лица со телесна попреченост спротивно на одредбите на овој закон, по донесеното решение за забрана за вршење на работите од социјалната заштита ( член 266);
- не укаже социјална заштита на лице во положба од социјален ризик ( член 135 став 1 алинеја 5);
- не води или неуредно ја води пропишаната евиденција и документација ( член 113 став 1);
- не прими корисник на право од социјална заштита, а во установата има место или го отпушти пред да ги преземе потребните мерки ( установите за социјална заштита од член 116-128 );
- не ги спроведе мерките утврдени во член 222 став 4 од овој закон;
- не постапи по решението за отстранување на констатираните недостатоци и неправилности во определениот рок ( член 242 став 1 алинеја 1 и 2);
- не ја почитува забраната за спроведување на мерки и преземање работи кои се во спротивност со Законот и друг пропис, при вршење работи од социјална заштита ( член 243 став 1 алинеја 1);
- не ја почитува забраната за работа на установа за социјална заштита и друго правно или физичко лице кое врши одредени работи од социјална заштита и непреземање на други мерки ( член 246 став 1 алинеја 1 и 2);
- оневозможи вршење на надзор над стручната работа ( член 251);и
- во определен рок не преземе мерки за отстранување на утврдените недостатоци од извршениот надзор над стручната работа ( член 252);.

Глоба во износ од 800 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе се

изрече и на физичко лице кое врши определени работи од социјална заштита за прекршоците од став 1 на овој член .

Глоба во износ од 700 до 1000 евра во денарска противвредност ќе се изрече и на одговорното лице во установата за социјална заштита и на работникот кој непосредно ги врши работите за прекршоците од став 1 на овој член.

Член 255

Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на установата за социјална заштита и друго правно лице , ако:

- не поднесе извештај ( членови 114, 135 став 1 алинеја 7 и 129 став 3);и
- не го усогласи распоредот, почетокот и завршувањето на работното време ( член 112);.

Глоба во износ од 700 до 1000 евра во денарска противвредност ќе се изрече и на одговорното лице во установата за социјална заштита и на лицето кое врши определени работи во социјалната заштита за прекршоците од став 1 на овој член.

Член 256

Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на приватна установа и на јавна установа основана од општината, Градот Скопје и општините во градот Скопје која врши работи од социјална заштита, а одобрението е одземено (член 98).

Член 257

Надлежен орган за изрекување на прекршочните санкции од членовите 254, 255 и 256 на овој закон е надлежениот суд.

Член 258

Пред поднесување на барање за прекршочна постапка, за прекршоците утврдени со овој закон, Министерството води постапка за порамнување, согласно со Законот за прекршоците.

## XIII. Глава

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 259

Постапките за остварување на право од социјална заштита, започнати пред влегувањето во сила на овој закон, ќе се довршат според одредбите на прописите кои важеле до влегувањето во сила на овој закон, ако со овој закон одреденото право не е решено на поповолен начин за корисникот.

Член 260

Центарот е должен по службена должност да изврши преведување на лицата кои оствариле права според досегашните прописи од социјална заштита, согласно со одредбите на овој закон, во рок од шест месеци од денот на влегување во сила на овој закон.

До донесувањето на решението за преведување од став 1 на овој член, корисникот продолжува да го користи правото од социјална заштита во согласнот со прописите што биле во сила до денот на влегување во сила на овој закон.

Член 261

Постојните установи за социјална заштита ќе продолжат да работат како јавни установи за социјална заштита основани од Владата, согласно со утврдената мрежа на јавните установи за социјална заштита.

Член 262

Установите и другите правни лица што вршат дејност од областа на социјалната заштита, ќе ја усогласат својата работа, своите акти и составот на органите на управување со одредбите од овој закон во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 263

Постојните јавни установи се должни да ги исполнат предвидените услови за започнување со работа во членот 89 став 1 од Законот во рок од три години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 264

Владата со одлука може да ги пренесе основачките права и обврски за дневен центар кој работи како организационен дел на јавна установа за социјална заштита на општината, на Градот Скопје и на општините во градот Скопје, на чие подрачје е седиштето на установата.

Со денот на преземањето на основачките права на дневниот центар од ставот 1 на овој член општината, Градот Скопје и општините во градот Скопје ја преземаат обврската за обезбедување на средства за работа на дневниот центар.

Член 265

Со посебен договор склучен меѓу општината, Градот Скопје и општините во градот Скопје се уредува начинот на давањето на услугите и финансирањето на установата за социјална заштита за стари лица од член 123 на овој закон, дневните центари и центрите за днавно и привремено прифаќање од членот 139,140,141, 142, 143, 144, 145, 146 и 147 на овој закон.

Член 266

Правно лице, чија регистрирана претежна дејност не е од областа на социјалната заштита, а во рамките на своето работење обезбедува услуги на стари и други возрасни инвалидизирани лица во вид на сместување, нега, исхрана, помош и нега, културно-забавни и рекреативни активности и им обезбедува вонинституционални облици на заштита во вид на домашна нега и

помош и дневно згрижување, должно е во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон да се трансформира во установа за социјална заштита и да ги усогласи своите акти, организација и работење согласно со одредбите на овој закон.

Трансформицијата во установа за социјална заштита се врши без ликвидација на правното лице од став 1 на овој член.

Доколку правното лице од ставот 1 на овој член не изврши усогласување на своите акти, организацијата и работењето со одредбите од овој закон, министерот донесува решение за забрана на вршење на работите од областа на социјалната заштита.

Министерот по правото на надзор и мислење на Комисијата од членот 92 став 2 на овој закон донесува решение од ставот 3 на овој член.

Правното лице има право на жалба против решението од ставот 3 на овој член во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Комисијата на Владата.

По конечноста на решението од ставот 3 на овој член, решението се доставува до надлежни органи за преземање на соодветни мерки и дејствија.

Член 267

Комисијата за лиценцирање се формира во рок од шест месеци од денот влегување во сила на овој закон.

Член 268

Стручните работници во установите за социјална заштита продолжуваат да работат до добивање на лиценца за работа од Комијата за лиценцирање, а најдоцна во рок од 12 месеци од основање на Комисијата.

Член 269

Социјалните и другите стручни работници со завршена виша школска подготовка и над 15 години работен стаж, кои до денот на влегувањето во сила на овој закон се во работен однос во установите од социјална заштита, можат и натаму да ги извршуваат стручните работи од областа на социјалната заштита.

Член 270

Директорите на постојните установи за социјална заштита продолжуваат да ја извршуваат функцијата до истекот на мандатот за кој се избрани.

Член 271

Подзаконските акти предвидени со овој закон, министерот ќе ги донесе во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

До донесување на подзаконските акти од страв 1 на овој член продолжуваат да важат подзаконските акти донесени врз основа на Закон за социјалната заштита ("Службен весник на Република Македонија"број 50/97, 16/00, 17/03, 65/04, 62/05,111/05, 40/07, 98/08 и 161/08).

Член 272

Со денот на влегувањето во сила на овој закон, престанува да важи Законот за социјалната заштита ("Службен весник на Република Македонија"број 50/97, 16/00, 17/03, 65/04, 62/05, 111/05, 40/07, 98/08 и 161/08).

Член 273

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија.